СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 ноември 1993 година

Скопје, ноември 1993 година

**III ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 68-та СЕДНИЦА НА СОБРАНЕЕТО НА РМ, ОДРЖАНА НА 16.XI.1993 ГОДИНА**

Дискутанти:

1. АНДОВ СТОЈАН - 1
2. АЛИУ ХАМИД - 10, 49
3. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 15, 69
4. АРСОВСКИ БРАНКО - 28
5. ИВАНОВСКИ СИМЕОН - 3, 17
6. ИВАНОВ ИВАН - 6, 14, 15, 59.
7. ЗЛАТАНОВ ВАНЧО - 27
8. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 3, 35, 68, - води седница
9. МЛАДЕНОВ ВАНЧО -5, 19
10. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН -20 ,21
11. ПЕТРОВ ТОДОР - 64
12. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 37
13. ПАУНОВ ТОДОСИЈА – 34
14. ПРЕВАЛА ШАБАН - 6а, 7
15. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 8, 36, 42, 70
16. СИМЈАНОВСКИ НАУМ - 29
17. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 30, 50, 53, 54, 57
18. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА - 32
19. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ – 2, 11, 21, 24, 31
20. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР - 24
21. ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 27,  63
22. ТРПЕНОВСКИ ДУШАН - 33
25. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР -44, 48
26. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 39, 40

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Третото продолжение на Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 ноември 1993 година

Седницата започна во 13,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Џеладин Мурати, потпретседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Пратеникот Марин Миленковски, ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на **<u>втората точка</u>** од дневниот ред - <u>Предлог на закон за изменување на законот за височината на стапката на затезната камата.</u>

Предлогот на закон и извештајот на Комисијата за финансирање и буџет ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Симеон Ивановски поднесе амандман на член 1 со кој Владата не се согласила.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Симеон Ивановски.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господин Џевдет Хајредини.

I/2 РД/НД

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе кога го образложив барањето Законот да се разгледа под итна постапка кажавме дека измената на затезната камата е условена со фактот дека есконтната стапка на Народната банка по извршените реформи на уставниот систем што се утврдува на друг начин дека е така реално позитивно и престанала потребата процентот над есконтната стапка да биде 400%, како минатата година, туку тој треба да се намали Владата цени на 200% на неисполнување на финансиските обврски во утврдениот рок.

Поднесениот амандман процентот да не биде 200% над есконтната стапка туку 150% треба да се сфати така што овде не се работи за редовната камата меѓу должниците, односно при склучување на должничко - доверителни односи на субјектите во државата никој не им брани да утврдат рокови и стапки на камати. Овде се работи за зајакнување и на финансиската дисциплина, тој стопански субјекти или граѓанин кој преземал таква обврска во одреден рок да плати, треба да плати и мислиме дека е доволно 20 0% над есконтната стапка да биде.

Овие денови имавме средба со претставници на поголеми претпријатија во Македонија, инаку големи должници спрема банките и во присуство на директорите на банките никој не постави забелешка на висината на вака утврдениот процент на затезната камата, туку беше барањето што побрзо Собранието овој закон да го донесе, за да не се примени понатаму онаа премногу драстична камата над 400% утврдена во минатата година во сосема други услови, во сосема друга есконтна стапка.

Во таа смисла Владата и не го прифаќа овој амандман и апелира на пратениците што побрзо овој закон да се донесе со цел стопанствениците се ослободат од тој висок процент на затезна камата од 400% над есконтната камата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас прво малку би образложил што е суштината на Предлогот на амандманот, па потоа би дал мое размислување во контекст на ова што слушнавме и како образложение од Законот.

Во овој предложен закон се предлага дека затезната камата треба да биде четири пати поголема од есконтната стапка на Народната банка. Беше 400 а сега се предлага два пати, значи 200. Во овој случај кога е околу 10 есконтната стапка, значи дека затезната камата треба да биде 20% месечно. Тоа по образложението на министерот и по нивно видување сметам дека е воопшто неприфатливо и дека во такви услови во така големи проценти на есконтната стапка, практично затезната камата е изразито висока. Прво заради тоа што е остварена голема разлика од есконтната до затезната камата, а второ заради тоа што тоа го користат само монополските организации. Оние кои можат по механизмите на наплатата да ја наплатат таа затезна камата. Тоа се ПАТ, Мак- петрол, за струја за телефони итн. Сето она што има механизам да ја наплати. Практично им одговара во тој момент и да не се наплатат долговите, само заради тоа што каматата е висока, кога тогаш практично најдобро вложување на средства е практично да не се наплатат, бидејќи судот им пресудува затезна камата. Од тие причини, јас не можам да го прифатам образложението и од причини што затезната камата секој пат врши притисок на каматите на банките. Ако е затезната камата 150%, како што јас предлагам, тоа значи дека во овој момент кога есконтната стапка е 10, затезната ќе биде околу 15%, тоа значи дека банкарските камати ќе мора да се наредат во тој процент од 10 до 15%. Не се при- фаќа образложението во тој случај дека банкарските камати би биле поголеми. Невозможно е банкарските камати

да бидат поголеми од затезните  камати. Вака предложена висока затезна стапка на каматата обезбедува на банките да можат многу лесно да ги формираат каматите на повисоко ниво од она што треба. За некакви пореални услови ние треба да дискутираме дека банкарските камати треба да бидат еден или два индексни поени повеќе од есконтната камата. Кај нас има 7,8 и 10% што не е нормално. Во некакви нормални услови по мене би требало ни со проценти да ја предлагаме затезната камата, туку таа треба да биде фиксирана на пет индексни поени над есконтната стапка. Во овие услови била 15. Ако есконтната стапка да речеме е 5, тогаш затезната камата би била 10. Во некакви реални услови ако сметаме дека да речеме есконтната стапка да биде 3 тогаш 5% била 8%, меѓутоа по овој предлог како што Владата предлага во такви услови, тоа е принципиелно, нити начинот како што е предложен како е предложено е неприфатливо. Јас на тоа не реагирам, реагирам на високата стапка и заради тоа сметам дека ние треба да поддржиме 150, односно еден ипол пати од есконтната стапка, ако е 8 да биде 12, ако е 10 да биде 15, ако е 6 да биде 9 или ако е 15, да биде 22 итн. Мислам дека тоа треба да се прифати и прифаќајќи така високи стапки на затезна камата практично ги поддржуваме монополските организации и на банките им создаваме можност за создаваше на одредена сопствена каматна политика која практично е некаде до затезната камата.

Јас ги молам пратениците да го имаат тоа предвид, бидејќи практично овдека не е оштетен никој, ако прифатиме вака практично ги штитиме само оние кои не можат на време во овие услови на стопанисување да ги платат долговите, и граѓаните како поединци и организациите кои во овој момент условите за стопанисување се такви да немаат шанси некои од долговите практично према банките и према другите доверители да ги измируваат, а на сите им јасно исто така  дека

еден огромен дел од социјалата практично ги држат тие организации. Земаат средства од банките под така висока камата, па ако не ги враќаат на време плаќаат висока камата да го одржуваат социјалниот мир.

Според тоа, од тие причини треба да се поддржи амандманот, а не е мала затезна камата 50% од есконтната стапка на Народната банка.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, јас само малку би го дополнил колега- та Симеон Ивановски. Мислам дека добро е што на некој начин и Владата предлага таа стапка да се намали. Беше 400, а сега е 200. Меѓутоа, мислам дека и амандманот што го поднесе колегата Симеон Ивановски, исто така држи, од> овие дополнителни аргументи што сакам јас да ги ставам, бидејќи навистина овдека таа исклучиво служи за да се казнат практично по мое мислење оние организации, односно претпријатија кои навистина прават исклучително тешки напори да можат да обезбедат одредена ликвидност, односно да обезбедат одредена продукција и да бидат способни да можат да ги враќаат кредитите кои што ги зеле. Досегашни услови на стопанисување, кога пазарот е затворен, кога тешко може да се остварува еден поголем циклус на обртни средства, кога средствата кои се земени, да речеме за продукција, за производство, не можат да се реализираат, а треба да се исплаќаат пред се лични доходи, односно плати на вработените и најголем дел на тие средства кои сега се користат и за таа намена, практично кој доаѓа во состојба сега да плаќа казна. Оние организации кои навистина се трудат да обезбедат минимум средства за егзистенција за своите работници, практично и оние граѓани кои од своите минимални пензии или средства ги добиваат да можат навреме да ги исплаќаат своите обврски према ПТТ, према дистрибуцијата и спрема сите што со еден збор беа назначени како монополски организации, сеуште кои постојат во нашата

држава практично ги казнуваме оние кои навистина сакат да работат чесно, додека оние кои немаат таква намера да работат така или оние кои не сакаат воопшто да ги измируваат овие обврски спрема државата, практично тие не можат и да дојдат во улога да плаќаат затезна камата. Практично, значи и со ова настојуваме да ги казнуваме оние кои во овие услови на тешко стопанисување во нашата држава сакаат и да работат и да опстојуват. Во таа смисла мислам дека амандманот на колегата Симеон Ивановски држи и би требало да го поддржиме.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, воведувањето на затезна законска камата претставува еден нов квалитет во регулирањето на должничко - доверителните односи и од тој аспект уште во фазата на донесување на овој закон се залагав и го поддржав ваквото решение. Меѓутоа, морам да кажам дека при утврдувањето на висината на затезната камата, направивме еден превид во смисла на тоа што процентот што беше утврден во однос на базата, а тоа е есконтната стапка е многу висока и тоа практично во досегашната примена манифестираше ако можам да кажам и груби ефекти, кои што значително ја пореметија репродукцијата, поготово во делот на претпријатијата кои што работат претежно со туѓи средства. Секако елементот да се изоцени пред земањето на кредит и да се изоцени својата финансиска состојба пред задолжувањето и идеше во прилог на една ваква висока законска затезна камата. Меѓутоа, притоа ние не процонивме дека тоа во ваквите услови ќе се одрази многу неповолно, како што беше искажано и во претходните дискусии на оние претпријатија кои што беа во можност да си ги вратат своите кредитни задолженија и да одговорат на кредитни задолженија, меѓутоа од аспект на тоа што оваа камата е превисока, тие доаѓаа во една многу незавидна состојба

II/1.-ДВ/МЛ

**ШАБАН ПРЕВАЛА:** (ПР0Д0ЛЖЕНИЕ)

Но, сепак, бидејќи сакаме да воведеме ред, финансиска дисциплина што е нужно потребна во едно модерно стопанство а кон кое ние тежнееме, ние мораме да се согласиме дека во користеWето на средствата треба да се однесуваме домаќински. Според тоа намерата ми беше да кажам дека корекцијата е значителна, она што се предлага од Министерството за финанси, до толку повеќе што и каматната политика кај нас сега базира на есконтната стапка што ја пропишува Народната банка, а која базира на евиденција на инфлацијата на изминатите три месеци и она очекуваната во наредните три месеци што е еден реален пристап кон еден проблем. Според тоа, јас мислам дека во оваа прилика, бидејќи сме определени за еден подисциплиниран однос кон користеWето на средствата, а дисциплината не може поинаку да се определи освен со одредени казнени мерки, а затезната камата ја има токму таа цел, не смее таа да се доближи до редовната камата, бидејќи нема да биде интересна, нема да биде стимулативна, претпријатијата на време да ги враќаат искористени- те средства.

Јас ги почитувам и мотивите од кои поаѓа колегата Ива- нов, а ги знам и тешкотиите на стопанството со кои она објективно се соочува поради непоседување на сопствени обртни средства или поседување на минимални обртни средства и нужно упатеноста кон користење на банкарски средства. Меѓутоа, сепак да размислиме. Ако сме определени за финансиска дисциплина, за поголема финансиска дисциплина и за едно подомаќинско однесување кон средствата, особено кон туѓите средства што носат и трошоци оличени преку цена- та на капиталот, каматата, јас мислам дека ова што се предлага од Владата и покрај сите тие моменти што тука се изложени, јас мислам дека треба да се поддржи. Не заради друго, туку заради да има мотивираност и поголема

мобилизираност на претпријатијата за едно подомаќинско однесување кон користењето на средства, особено на туѓите средства.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Мислам треба да прифатиме 'дека Владата предлага значајно намалување на затезната камата која се движи од 200% и тоа не треба да се занемари.

Второ, исто така мислам дека може да се случи во Парламентот на некој начин, поради тоа што директните учесници во трансакциите во кои се плаќа или се наплаќа затезната камата учествуваат да се даде и таков тек на расправата и од тука да се извлече каква затезна камата ќе се утврди со законот кој го предлага Владата. При тоа мислам дека основното е следното, дека не треба да дозволиме да имаме затезна камата која во основа ќе ги фаворизира лоши- те стопански субјекти, неуспешните, а ќе ги дефаворизира успешните стопански субјекти.

Исто така, треба да се има предвид, поради тоа што затезните камати во основа во Република Македонија многу тешко се наплаќаат од оние кои немаат монополска позиција заради стравот од губењето на партнерите што подолго време работат со нив, па до колку се пристапи кон наплата на затезната камата, во основа затезната камата се остава да ја наплаќаат само монополските организации и дека тоа е исто така еден од аспектите кои треба да ги имаме предвид при донесувањето на стапката, иако мислам дека расправата која сега ја водиме, амандманот по кој разговараме, сосема е маргинално затоа што намалувањето од 400% на 200 или на 150 мислам дека е сосема блиску до она што и Владата го предлага. Не треба да се расправа сега дали е 150 или 200,

туку основата за која треба да раправаме е 400 или 20 0, односно 150 и мислам дека треба да имаме предвид во услови кога затезната камата во основа ја наплаќаат само монополските организации заради тоа што сите други субјекти и стопански и граѓаните се упатени на монополите единствено. Треба да имаме предвид и тоа дека затезната камата ги погаѓа и оние граѓани кои се упатени на монополските организации, а кои не по своја вина не ги примаат своите лични примања. Оние граѓани кои заради лошо или неуспешно работење на фирмите во кои се вработени може да го третираме како субјективен проблем на фирмата и на граѓаните. Меѓутоа, има една група на граѓани или повеќе групи на граѓани кои не по своја вина ги примаат нередовно примањата. На пример, една типична група се пензионерите кои се околу 200 и нешто илјади и кои со два-три месеци задоцнување ги примаат пензиите, а некои од сметките за дома мора да ги плаќаат со затезна камата која е мошне ригорозна и кон која монополите немаат никакво извинување, се разбира. Тука државата мора да води некаква сметка дека ги доведува од една страна оваа група на граѓани во позиција не по своја вина да немаат редовни лични примања, а од друга страна монополите им ги наплаќаат каматите и затоа од тој аспект Владата треба посериозно да размислува за висината на затезната камата. Ако ништо друго, барем да имаме на увид во кој обем се наплаќа затезната камата и како тоа влијае на трансакциите општо во стопанството на Република Македонија а не само во стопанството, во потрошувачката на граѓаните. И ако имаме сознанија дека во основа затезната камата ги штити само монополите или оние кои заради други причини имаат позиција да можат да ги наплатат затезните камати без тоа да се одрази во нивното работење со партнерите, да предложи и соодветна политика на затезната политика. Додека пак имаме сознанија дека таа е во насока на тоа да ги

фаворизира стопанските субјекти кои добро и редовно работат, тогаш и да има навистина она што во образложението е напишано дека затезната камата во суштина е казнена камата. Мислам дека од тука треба да поаѓаме во одлучувањето.

На крајот сепак мислам дека, иако има механизам по кој Владата предлага да се дојде до затезната камата, кој не е, така да кажам, од ракав даден. Мислам дека треба да се најде решение, меѓутоа основата е дека од 400% треба да се намали на ова што го предлагаат, или амандманот или Владата а мислам дека горе-долу е сосема сеедно од денешна гледна точка.

**ХАМИТ АЛИУ:**

Господа пратеници, ценето претседателство. Јa се согласувам со некои дискутанти, меѓутоа една работа не ми е јасна. За вакви стручни работи убаво е да се доставува амандман, а од друга страна мораме да ја знаеме суштината односно проблемот од каде даТира.

Конкретно, не сум против амандманот на колегата, само имам во себе некои дилеми. Ние досега расправаме дека вака треба да биде, така треба да биде, односно Владата има свој заклучок дека каматата треба да се смали од 400 на 200%.

Потполно се согласувам со некои дискутанти кои ефектот на затезната камата го гледаат во домаќинското работење. Тоа е точно затоа што затезната камата е меч со две острици. Меѓутоа за мене дилемата е во следното: зошто треба да биде 150% според амандманот или зошто треба да биде 200 според предлогот на Владата. Прашувам, дали Министерството, односно Владата има податоци за состојбата на стопанството, каков капитал диспонира и второ, кој ги користи овие камати, односно за кого се тие?

II/5.-

Ако во суштина ние ја знаеме структурата на стопанството и ако знаеме ние кој ги користи, тогаш не мора да биде 150, нека биде 100 или нека биде 20 0, но да имаме точен податок и да не дозволиме некое монополско однесување. Ова е битно за мене, а не сум сега ниту против амандманот меѓутоа би: сакал; стручно со параметри од Владата.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Собранието носи закон а законот е применување на еднакви мерила на нееднакви субјекти. Ако овде сега се тргнат само оние субјекти на кои овде им одговара, стапката на затезната камата, нормално дека не е оправдано туку треба да биде, да нема затезна камата. Теоретски најдобро е тоа за тие што не можат да платат на време.

Се спомнаа тука банкарските камати, а јас воопшто не ги спомнав. Значи, опасно е овде да се отвори расправа воопшто за каматите, а не станува збор за каматите.

Друго, не солидните должници и несовесните тука ги ставаме. Ја сум стопанственик од монополска организација која во време на социјализмот никогаш не наплатувала камата, ни редовна ни затезна и дојдовме тука кај што дојдовме. И сега не наплаќам. Според тоа, не се работи само за односи меѓу одделни категории на граѓани, социјални проблеми за кои во наредниот месец дена многу ќе се распра- ва овде во Парламентот како треба да се реши судбината на граѓаните кои не се во состојба да ја платат струјата, поштата, телефонот, радиото, телевизиската претплата. Се работи за закон кој утврдува и кој има за цел и е во функција да придонесе во зајакнувањето на финансиската дисциплина во државата. Кога ова го зборувам треба да имате предвид дека во оваа држава има должници, само колку што има должници има и

II/6.-

доверители. Значи треба и за нив да се зборува, за тие што го заработуваат денарот, го даваат на заем, се договараат во времето на наплата, се договараат за каматата самите, потпишуваат, печат ставаат итн. и после тој долг треба да се плати. Ако не се плати треба да следи казнена камата. Тогаш функционира затезната камата а не порано. Порано никој не им се меша на субјектите во оваа држава затоа што сме се определиле за пазарно стопанство, за економски права и слободи, за гарантирани, меѓутоа ако со закон тие договори за должничко - доверителни односи не бидат заштитени ние ќе имаме, како што и се уште имаме финансиска недисциплина. Не реков само заради ова, туку и за ова. Затезната камата ја применуваат и судовите при прешавањето на споровите меѓу сите претпријатија, не само на релација монополски организации и граѓани. Сите должничко - доверителни односи, на сите трговски и производни организации меѓусебно. Според тоа ние не можеме да предложиме закон за затезна камата кој во овој должничко - доверителен однос ќе важи оваа стапка во друг ќе важи друга стапка итн., затоа што тоа во светот не е вообичаено ниту е примерено на еден конзистентен финансиски систем. Од 400 на 200% предлага Владата смалување на каматата затоа што во време кога е утврден процентот од 400%, есконтната стапка која служи како основа за примена на предложениот процент не беше реална, беше многу ниска. Нас оваа определба на начин на утврдување на есконтната стапка не ни е времен Овој Парламент ја прифати реформата на кредитно - монетарниот систем и ние мислиме тоа трајно ќе биде и со законите кои наскоро ќе бидат пред Парламентот ќе се види дека се тие трајни определби за кои овој Парламент е определен политички, уставно итн. Според тоа, се работи за намера да се придонесе во зајакнувањето на финансиската дисциплина во оваа држава. И второ, друго е прашањето, не треба овде

да се злоупотреби, да се истакнат најдрастичните примери за категориите граѓани кои дошле во тешка социјална положба. Тоа се други мерки кои Владата ќе мора да ги предложи, Парламентот да ги усвои во наредниот пакет мерки од областа на економската политика за наредната и наредните години. Тогаш ќе расправаме. Овде се работи за системски закон кој не е мотивиран само да ги помогне одделни субјекти кои моментално се во тешка состојба. Ние носиме закон кој ќе важи за неопределено време, па некој кој што е денес во тешка ситуација може после два-три месеци да биде во добра ситуација, па он да позајмува пари па да не му се враќаат. Според тоа, ова е суштината на законот. Инаку, ако се сака овде да се искористи тоа дека на некој граѓанин Електростопанство или Пошта ќе му наплати затезна камата, не 150, туку треба општо колку е есконтната или пониска. Меѓутоа, ова не е во функција на мерките на социјалната политика и социјалната програма. Ова е друга мерка.

Понатаму, ние не ќе можеме веќе во сите закони да води- ме сметка за социјалната политика туку државата ќе донесе програма за социјална политика конзинстентна. Ние ќе излеземе сега со промена на целиот даночен систем и даночни стапки со ориентација социјалната политика да биде веќе бришана од областа на даноците туку сите даноци ќе се наплатат со цел да се обезбедат пари да се помогнат граѓаните кои се во тешка социјална положба. Според тоа оваа филозофија е сеуште наследена од стариот систем во секој закон, во секоја мерка да ја гледаме социјалата. Социјалата има да биде со една друга конзистентна програма опфатена толку колку што државата ќе обезбеди пари тоа да биде точно на кого бидејќи со вакви мерки кога поради еден проблем ние социјално ги решаваме сите, тогаш не ги помагаме само сиромашните, туку ги фаворизираме и некои богати, а не е сега време за тоа да разговараме. Ќе се селектира и ќе се сепарира

политика овој Парламент ќе ја верифицира ако ја верифицира и тоа наскоро.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници. Јас во целост се согласувам со искажувањето на господинот министер за финансии, меѓутоа сепак сакам да истакнам одредени конкретни примери за кои кога зборував во прилог на ова што беше кажано по амандманот сакам да го тоа пред сите вас посебно истакнам.

Овде јас не зборувам за прашањето на социјалата и сигурно дека мерката, законот за затезната камата како што реков и на почетокот и она што зборуваше министерот за финансии апсолутно значи мерка социјалната политика сосема, а таа ја верифицира ако ја верифицира и тоа една изразена економска мерка ќе значи и ќе даде придонес за јакнењето должничко - доверителните односи или како што кажа министерот во делот на правилното користење на средствата. Меѓутоа видете ги примерите кои се случуваат во пракса. Не сакам да ги споменувам организациите кои се во еден монополски однос. Тие за извршена услуга или подигната одредена количина дефицитарна стока уште после третиот ден од преземање на стоката засметуваат затезна камата. Ве молам од третиот, петтиот и десеттиот ден, а судовите во праксата се повикуваат на законот и редоследно го применуваат ова начело. Прашувам во каква позиција ќе се најде некој земјоделски комбинат, некој индивидуален земјоделец или било која организација која инвестира шест до девет месеци во процесот на производството за да дојде до наплатата на она за кого финансира. И, во конкретниот случај како тоа од аспектот на импликацијата на оваа можност на законот која дозволува за примена на затезните камати ќе се најдат таквите правни субјекти и како нив ќе ги заштитиме.

**ИВАН ИВАНОВ**: (продолжение)

Со донесувањето на овој закон ние на тие монополски организации им го отвараме патот да остваруваат екстра доход на овој принцип. Ќе кажете а можеби ќе забележи и министерот тоа прашање треба да биде регулирано со друг закон. За жал тоа не е регулирано и да ја погледаме праксата на судовите и да погледаме долг од 100 денара на него се наплаќа илјада денари. Кој е тој стопански суд од оваа област особено при сушни години, или да ја земеме преработувачката индустрија, да речеме пекарите или некои други кои што држат по 6 месеци, по година дена залихи на одредени стоки, а при требувањето дали е тоа нафатата, дали е тоа некој друг енергет ќе мора да се соочат со овој елемент, а морам да кажам дека со ова се погодени и граѓаните, баш од тие монополистички организации доаѓаат сметки кои ниту го прашува ниту склучил договор за тоа, за одреден временски период дали ќе биде 10,15 или месец дена на задоцнување на исплата на личен доход или слично ќе го добие наредниот месец и сметката.

Од тие причини укажувам и замолувам да се имаат во предвид овие работи. Добро кажа господинот министер дека тоа во пакетот на комплексот на економски мерки ќе биде тоа прашање согледано. Меѓутоа што праксата оваа година покажа и до донесувањето на тие мерки какви последици ќе се трпат со една ваква мерка. Од тие причини сметам дека 150% како што е предложено сепак една висока разлика во однос на редовните камати и значи еден квалитет, меѓу- тоа не е и мерка за остварување на екстра доход.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувани пратеници, денот кога го гласавме дневниот ред јас со големо задоволство прифатив и многу радосен бев кога предложи Владата да биде ставена оваа точка на дневен ред. Сега ќе кажам дека

тоа е добро направено и би рекол дека Владата стори по мене, направи еден голем смел чекор. Некој сигурно нема да се сложи со тоа што ќе го кажам, зошто е тоа смел чекор. Смел чекор велам заради тоа што ако ги познаваме состојбите , каква ни е инфлацијата, велам дека е голем смел чекор. Ако бидеме во состојба ние ова да го прифатиме, јас мислам дека сме направиле добра работа, сме ги запреле генераторите на инфлацијата. Сигурно стојат доста работи кои што беа изнесени овде. Потполно сум свесен за состојбите во стопанството, меѓутоа јас мислам дека повеќе на нашата држава и се потребни здрави организации отколку слаби организации.

Прашањето на подобрувањето на состојбата на слабите односно организациите кои што се во тешка економска состојба мислам дека не би требало да се решава токму со овој закон. Кога реков дека е направен голем смел чекор со овој закон треба да имаме на ум, доколку оваа казнена камата биде пониска од инфлацијата, што ќе стане. Јасно е тековните сметки ќе работат на големо. И, задолженоста и натаму фактички ние ќе трошиме повеќе отколку што создаваме, задолженоста ќе расте кај граѓаните, од една страна можеби добро на прв поглед, заради тоа што граѓаните се во таква состојба и нема излез, немаат како да излезат, како да состават крај со крај, меѓутоа тоа е само едно лажење на себеси бидејќи не можеме долго. Фактички ако малку сме следеле , сме ги следеле состојбите со ММФ токму на тие работи укажуваат. Ние ќе мораме и понатаму повеќе да го затегнеме каишот за да излеземе од состојбите И заради тоа мислам дека, и покрај тоа што Владата предложила 200 амандман има 150, мислам дека Владата зема голема, голема обврска врз себе и затоа јас ќе го поддржам предлогот на Владата.

III/3.-

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас се извинувам што се јавувам по вторпат, но ќе ми опростите како подносител на амандманот, особено малку во вид на реплика на претходниот колега кој дискутираше. Мислам дека тотално, спротивно на она што практично е, дискутираше. Есконтната стапка практично значи пандан на инфлацијата плус позитивно реално ниво. Така да кога зборуваме за затезната камата велиме 50% повеќе од есконтната стапка. Значи затезната камата ќе биде секогаш за 50% повеќе од инфлацијата и нешто повеќе во зависност од методологијата за колку повеќе ќе се формира есконтната стапка од инфлацијата. Есконтната стапка, методологијата, практично е тоа што значи инфлација. Ако земете за минатите 8 или 9 месеци практично тоа е напишано таму. Колкава инфлацијата за овие месеци, а колку е есконтната стапка, практично тоа значи. И спротивно од тоа дека може затезната камата да биде помала од инфлацијата, мислам дека тоа е неприфатливо и невозможно ни теоретски ни практично.

Меѓутоа, јас да кажам уште нешто друго. Неколку работи кои беа дискутирани. прво, се поздравува потезот на Владата што земала храбар чекор да од 400 ја смали на 200. Јас прво прашував кое беше тоа право и на нас и на Владата 400% да имаме стапка на затезна камата, а сега сите ја видовме работата, нормално дека тоа е ненормално четирипати од инфлацијата и од есконтната стапка која беше своевремено 16,17, тоа значи неточна затезна камата преку 100%. Така да сега е нормално што треба да се редуцира сега е прашањето до каде.

Второ, ова што гозборуваше министерот, јас го почитувам како теоретски пристап и тој е тотално во право, но праксата кажува нешто друго, тој е во право меѓутоа, праксата сум јас и овие колегите што дискутира бидејќи во праксата се случува она што ние кажуваме да се

случува. Јас не сум овдека да ги поддржувам недисциплинираните, неодговорните оние кои што не сакаат на време да ги измируваат, јас сум за казна и ова е казнена камата, ова е 50% поголема од есконтната стапка и 50% поголема не е мала казна. На месечно ниво како :што сега дискутираме цифрите тоа е 15%, но на годишно ниво тоа е скоро 400%, преку 400% е затезната камата доколку се задржи да речеме сите месеци да биде есконтната стапка 10. 400% иако есконтната стапка ќе биде 233%, тоа е дупло.

Јас инфлацијата не ја програмирам, таа може да биде и помалку и повеќе, према неа ќе се движи есконтната стапка на Народната банка. Според тоа ако оди инфлацијата надоле и есконтната стапка, ако оди инфлацијата нагоре, што не би сакал, со оваа Програма која Владата ја предлага, сметам дека механизам ќе се предвиди и дека инфлацијата ќе се движи од 10, 9, 8, 7, барем јас така очекувам, според тоа така ќе се движи и есконтната стапка. Но, ова зборува дека на годишно ниво затезната камата како казнена камата е двапати поголема од она што јас предлагам, а она што го предлага Владата тоа е скоро четири пати повеќе, скоро, не е толку од она што би значело есконтната стапка. Според тоа мислам дека ќе изгубиме доста време, но да не испадне дека ги поддржуваме не- дисциплинираните и тоа е казнена камата но, казна онолку колку што може да се совлада, онолку колку што може така да речам поправно да делува. Ако е казната поголема од она што може субјектот да ја прифати, тоа е практично надвор од дисциплината, туку запаѓа во една друга сфера, каде што казна, едноставно не може да ја поднесе.

Според тоа, уште еднаш молам да се поддржи амандманот бидејќи им помага и на граѓаните и на стопанството и на едното и на другото бидејќи условите во кои стопанисуваме не тераат на тоа да мора некои пати да се земаат средства на кои што каматите им се превисоки. Земете еден пример можеби мене ќе ми биде тоа забележано од тоа

претпријатие, но да речеме ако сакате да земете нафта или бензин тие од денот на барањето бараат да се претходно уплати па да земеш. Ако го земеш од првиот ден тие рачунаат камата. После 8 дена ако не ја платиш фактурата или каматата веднаш се засметува затезна камата. Според тоа јасна е работата кој е во оваа ситуација во предност.

**ВАНЧО МЛАДЕН0В:**

Јас само една мала интервенција, да не бидам погрешно разбран бидејќи на почетокот кога излегов на оваа говорница реков дека го поддржувам амандманот на колегата Симеон Иванов, меѓутоа морам да кажам дека аргументите кои што беа изнесени од негова страна- не ги поддржувам, ни од колегата Иван Иванов, бидејќи јас се залагам и повторувам дека воопшто не сакам да ги стимулираме оние кои работаат недисциплинирано. Ова е во секој случај Закон за казна за превентивно да делуваат и сите стопански субјекти да ги натераме да работат домаќински, совесно и одговорно. Меѓутоа, во услови кога еден закон ќе ги погоди 90, до 95% стопанските субјекти мислам дека тој закон не е закон. Доколку погодува помалку од 50% тогаш се прифаќа да биде закон. А, јас сум сега убеден дека во овој момент во кој сега се наоѓа стопанството со овој Закон ќе ги погодиме скоро 90 отсто од стопанските субјекти.

Оттука мислам дека, а затоа не го поддржувам овој основен закон, и предлагам да биде прифатен амандманот, а ќе повторам, само заради тоа, што моментите односно состојбите во кои што сега се наоѓа стопанството и стопанисувањето се во таква состојба, што не се во состојба при услови на затворен пазар и услови на немање пазар за пласирање на сопствениот производ, во услови на немање обрт на сопствениот капитал во услови да можат да се одговорат на сите обврски

III/6.-

пред се кон државата за да можат да се платат основните давачки, доприноси итн. се користат прилики, не е вред за такви кредити, за такви позајмени средства се плаќа и казна. Од тој аспект сакав да кажам дека го поддржувам амандманот. Меѓутоа, тука сме како парламент и како влада да ги следиме состојбите во стопанстовто, да го следиме амбиентот и доколку тој амбиент наскоро камо среќа да биде подобрен, во тој случај сигурно ќе извршиме интервенција и оваа казна односно и овој закон пак повторно ќе дојде на дневен ред и ќе го прилагодиме според условите во кој се наоѓа стопанството. Затоа, велам на таа основа беше моето искажување, а не сега да стимулираме некои монополски организации, да заштитиме некој монопол, мислам дека тоа не е аргумент. Или сега некој да каже банките имаат големи плати. Мислам дека тоа не држи. Во секој случај тоа треба да го сфатиме како превентивна мерка за едно добро стопанисување, за домаќинско работење. Меѓутоа, амбиент за такво работење мора да признаеме дека не е створен ниту од нас во парламентот, ниту од Владата, па оттука немаме и морално право да носиме Закон со кој ќе ги казнуваме повеќе од 90% стопанските субјекти.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници,

прво, една процедурална реченица, а потоа неколку реченици околу Законот. Се чини, дека овој закон има врска со казните, така да вчера на пратениците од коалицијата им запретија со затезна камата и сите мораат да дојдат тука за гласање за доверба и недоверба на Владата, а сега кога ќе треба да се носат закони ги нема, сите напуштаат, така има 75 гласа, а сега немаат 40 гласа. Тоа значи дека Владата нема доверба во овој случај, не може да работи.

III/7.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Добро, вчера се реши тоа, ајде за амандманот.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

За предлогот на закон, би гласал за предлогот на Владата, а амандманот би го одбил, затоа што има внатре доста, затоа што со тој амандман се научени досега таквите од крупните организации да прават внатре малверзации и затоа би го поддржал предлогот на Вла- дата од следните причини:

Овде предвидува Владата затезна камата за ова, за она, дали е предвидена затезна камата да им плати Владата на три месеци неисплатена камата на пензија на пензионерите. Дали ќе го спречи Владата наплатувањето на затезна камата на струјата, телефоните, водовод и други додека да ја примаат по два три месеци пензијата. Значи, само тие имаат право на затезна камата, а потрошувачите немаат право на затезна камата. Ние не ги ставаме во еднаква положба сите граѓани на Републиката. Со ова сметам дека ако се има затезна камата за наплатување на струја, вода телефон и друго тогаш и тој треба да има право на затезна камата се до исплаќањето на ова. Покрај камата затезна што не ја користат тие имаат штета со инфлацијата за три месеци за неисплатената пензија. Ова треба да зачудува.

Благодарам.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

За жал како претставници ние на Влада, а јас лично сум принуден кога еден закон или еден предлог кој е на дневен ред се користи да се отворат други прашања и да се изнесат консултации Кои не се точни, јас

морам да одговорам. Еве за што се работи: Не е решение за пензионерите, тврдам да е ниска затезната камата решение Владата и државата и Парламентот да стори се пензионерите на време да ги земаат пензиите. Околу тоа кажувам кратко и јасно. Во пензискиот фонд според законите донесени и во оваа Собрание има обврска и државата од буџетот и можам да ви кажам дека своите обврски Владата према фондот оваа година да извршува многу подобро од било кога досега и ќе прави напори тоа да го прави и отсега. Фактот што се одолжува решавањето на проблемот на исплатата на пензиите на време, причините, лежат меѓу другото и во работата на овој парламент. Вас господа ви е познато дека пензиско - инвалидското осигурување во оваа држава е организирано така да има директор и тој директор е врзан со парламентот и утврдувањето на стапката и именувањето на директорот и функционирањето на Фондот.

Фондот долго време низ парламентарна процедура беше предлогот за зголемување на стапката на пензиското осигурување и Владата за тоа има свое мислење, тоа е должна да го дава, меѓутоа на Парламент не иде затоа што Парламентот не им дава предност на решавањето на проблемите на овие што се истакнуваат по повод затезната камата. Многу е поважно да се реши прашањето на корекцијата на стапката за пензиско осигурување отколку тоа да се елаборира по повод доцнењето на исплатата на пензиите по повод расправата за затезната камата.

Сега, јас тврдам дека во текот на овој месец ќе се предложат крупни реформи и во системот на финансирањето на фондот и во начинот на финансирањето итн. и таму ќе биде решено прашањето, таму ќе се види кој колку е загрижен да се исплатат пензиите на време, а не сега. Тоа го тврдам со полна одговорност и молам по повод расправата

за затезната камата за која ние образложивме зошто тоа го правиме и не е точно дека минатата година е погрешено туку тогаш е утврдена таква стапка затоа што есконтната стапка долго време беше испод стапката на инфлацијата. Бидејќи имаме трајна определба тоа да не биде сега и затезната камата процентот на есконтната стап- ка треба да се намали од 400 на 200. Тоа е, никако дека некој правел пропуст, требало на време. Требаше овој закон исто така е долго време овде и стопанствениците, доста имаат, ве молам, до денеска, додека вие не го донесете овој закон, оваа стапка се применува 400%. Еве грижата за пензионерите и за сите, а предлогот пред парламентот е одамна тука. Ако вака ги сфатиме работите тоа е доказ дека се грижиме за пензионерите, за работниците итн., а, не само да се искористи поводот и да се држат овде други предавања, теоретски. Јас со полна одговорност тврдам ова е став да се помогне и на пензионерите кога ќе се издигне, ве молам финансиската дисциплина на повисоко ниво и уплатите во Фондот за' пензиско и инвалидско осигурување ќе бидат подобри. Тогаш Фондот ќе има прилив, ќе биде поажурен и ќе може да се исплатат пензиите.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ: (**Продолжение)

овој закон оди кон подигање на вкупната финансиска дисциплина на повисоко ниво . велам не само овој, туку треба и полно други и тие закони се сите во последна фаза на донесувањето.

Друго што сакав да истакнам, моментално состојбата е таква. јас тврдам, јас сум стопанственик и не држам овде теорија. Зборувам токму од аспект на практиката. Многу мерки што се потребни што побрзо да се донесат, ние одлагањето го правдаме со тоа дека моментално ни е тешка состојбата. Состојбата ќе ни биде тешка додека не се соочиме со вистината еднаш да бидеме на реалното. Заради тоа што моментално состојбата ни е таква , овие камати не се плаќаат на доверители спрема странство, туку сите тие доверители што ги наплатуваат се во оваа држава. Тие пари пак циркулираат во оваа држава.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Цветковски.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. секако дека во овој момент целта на законот е подобрување на финансиското работеше и односот на доверителско - должничките односи помеѓу претпријатијата. Меѓутоа, имајќи ја сегашната состојба на поодделни работни организација односно претпријатија, поаѓајќи од мојата изборна единица, можам да го кажам следното дека сите претпријатија во денешни услови на стопанисување не се во таква состојба главен фактор на неликвидното работење да им биде субјективниот фактор, така да

кажам, туку се повеќе проблемите поради лимитираните гранични премини и сите други околности што го следат стопанството.

Од тие соображенија, ако имаме од една страна претпријатија што поради такви општи, да кажам, проблеми, неработењето во стопанството, лимитираниот увоз и извоз и т.н., а скоро 90% на претпријатијата во Крива Паланка се наоѓаат во таква положба,тогаш се прашувам тој однос на доверителството во однос на претпријатијата што на некој начин имаат монополска положба, дали е рамноправен или не е рамноправен. Јас мислам дека не е рамноправен и сега во наредните законски регулативи кога ќе предлагаме стапки за зголемување за вработување, за инвалидско пензионото и т.н., овие организации ќе ги доведеме во крајно неповолна положба за тоа што со оваа регулатива, со оваа затезна камата прво тука тие организации ги осиромашуваме затоа што не се во состојба на време да вршат уплати. А, знаеме дека нивната состојба и нивното финансиско работење не е поради тоа што делат енормно високи лични доходи, туку е поради тоа што тие, по правило, не можат да стопанисуваат затоа што им е лимитиран увозот, немаат можности за набавка на репроматеријали итн.

Од тие соображенија гледано мислам дека нерамноправноста е очигледна и дека ние со овој закон, добро е што е предложено затезната камата да се смали, затоа што тргнувајќи од други гледни точки на пример овие работни организации, вклучувајќи ја тука и банката, тие не се во една таква состојба нивните лични доходи да се занемарени. Меѓутоа, ако земете дека во грото работни организации што се на работ на егзистенцијата, тие се и со многу ниски, скоро да не речам минимални лични доходи и сега, на овој начин принудени како неликвидни да плаќаат вакви затезни камати, јасно е сега ваквата  состојба во овој

момент на стопанисување, на лимитирање на стопанството во времето кога немаат можност аз издвојување за широка репродукција итн. што тоа би значело за тие работни организации. тоа ќе значи еден многу голем товар и ние, ако не друго, во името на тоа што го кажува и мистерот, точно е, да е сосема исправно ние мора стопанството во однос на нивното финансиско работење да го доведеме во ред да мора да постои таа ликвидност и редовна исплата.

Меѓутоа, ние се соочуваме со две работни организации што се во процес на ликвидација , на судска процедура каде што за 10 илјади за релативно кратко време мора да платат затезни камати на основицата која била 10 илјади преку 200-300 илјади. Гледате и сами колку тоа оди далеку.

На крајот само да кажам дека иако не сум стручно лице за тоа, меѓутоа со овие воопштени работи со што секојдневно се среќа- вам како пратеник и во постојаните разговори со директорите на токму тие мали организации што се врзани за увоз - извоз од надвор, мислам дека нивниот проблем е доста тежок и тие со ваквото намалување, какво што предлага Симоновски дека тоа ќе биде каква - таква една сосема мала олеснителност, а во времето кога еднаш ќе дојде до регулирање на односите да може увозот и извозот да се регулира, да се бара продуктивноста на работењето и т.н. по основ на непостоење општа лимитација, тогаш треба да се направи тоа што по право сега во Владата се прави.

Не можам да се помирам јас, како здравствен работник во поедини такви работни организации што имаат монополски начин на работење да имаат енормно зголемени лично доходи така што на нивниот најнизок работник се поголеми од највисокото звање, на пример, во Медицинскиот центар. тоа се работи што општествено и политички никако не се

оправдуваат. Меѓутоа, ние преку едни овакви се некакви законски регулативи, на некој начин произлегува како да нив пак ги фаворизираме, да не речеме но сега во овој одреден момент им даваме можност понатаму така да работат.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господин Златанов.

**ВАНЧО ЗЛАТАНОВ:**

Излегов, во потполност го разбирам министерот, можеби е во право, но излегов да кажам дека ќе го поддржам амандманот и да кажам само еден пример за категоријата луѓе земјоделци.

Знаеме во каква состојба е Републиката и како се пласира производството. Меѓутоа, при одлучувањето треба да имаме предвид само едно дека луѓето, односно производителите, земјоделци, своите производи ги дадоа на откупните организации. До ден денеска немаат примено ни денар затоа што организациите им нудат пипер, црвен пипер, оцет, сол. Готова пара од ни една организација не добиваат. А, кога ќе им дојдат инкасаторите, пари нема да им платат и им нудат од овие производи.

Ве молам, при одлучувањето да имате респект и за оваа категорија луѓе во Републикава.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господин Таири.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, сметам дека непотребно ја оддолжуваме расправата околу овој предлог - закон од причини што доста беше речено. Сега сметам дека би требало да одиме на гласање.

IV/5.-

Јас лично не го прифаќам амандманот од причини што ако стално го вклопуваме социјалниот елемент во секој закон ние и понатаму ќе бидеме сиромашни и понатаму ќе имаме социјален аспект итн. Еднаш треба да пресечеме и да создадеме услови преку социјалната програма, како што спомана и министерот да се создадат средства токму тие проблеми и на земјоделците и пензионерите и ред други работи да се решат.

Лично сметам дека и во западните земји на Европа тој концепт е прифатен. Ако стално одиме да го инкорпорираме социјалниот елемент во сите закони, и понатаму ќе тапкаме во место и нема ништо да оствариме од она што се нарекува социјала.

Ова е чекор напред од 400 да се намали на 200%. Ако сега се разединиме во однос на амандманот и Предлог-законот тогаш сигурно нема да се донесе предлогот на законот и каматите затезни пак ќе бидат 400%.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Арсовски

**ВРАНКО АРСОВСКИ:**

Илузија е сега пак да размислуваме и да се враќаме на некој социјалистички*однос поради тоа што токму предложениот амандман дои кон тоа, а мислам дека основното решение на законот за мене е прифатливо токму за тоа што ја намалува затезната камата за 50%. Оваа затезна камата е во функција на обезбедуваше финансиска дисциплина , а индиректно влијае за разрешување на сите проблеми врзани и за фондот за ПИО и Републичкиот завод за вработување односно обврските што произлегуваат од законот за стечај за материјално обезбедување итн. па и во однос на фондот за здравствена заштита.

Затоа предлагам и во таа смисла мислам дека предлагачот има добро осмислено затезната камата да биде намалена за 50%, решението во законот за мене е прифатливо и амандманот не го прифаќам комплетно.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Симјановски.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, стремежот на секој пратеник и секоја партија во предизборната кампања при првите парламентарни избори беше нормално намалување на сите каматни стапки, како и сите даночни оптоварувања.

Олицетворение на тие заложби е конкретно овој закон што доаѓа дури после три ипол години што е мислам прво намалување на каматна стапка во форма на Предлог на закон-

Но, читајќи го законот, како и следејќи ги дискусиите по основ на овој закон, веднаш ми се јави една дилема по однос на начинот и методологијата на оценувањето на висината на оваа законска камата.

Во законот се предлага намалување на затезната камата од 400 на 200%. Прво би го запрашал министерот кој се финансиските ефекти што би се постигнале на нивно на РМ со ова намалува, потоа би го запрашал министерот која е таа методологија за определување на оваа висина и аналгоно на тоа е поднесениот амандман за намалување на ова камата да дојде до 150%. Може да се појави и друг амандман за уште поголемо намалување на ова затезна камата.

IV/7.-

Во однос на должничко - доверителните односи јасно дека едни стопански субјекти би се залагале за поголема затезна камата, а други за помала. Моето прашање до министерот би било која методологија е применета за определување на оваа затезна камата за внесување на овој предлог на закон? Ова прашање беше поставено и од господинот Таири на што Вие не одговоривте. Молам да ми одговорите заради моето изјаснување за или против овој закон.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господинот Стојков има процедурално.

**СТОИЈТЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, ме чуди, се работи за еден закон чии предлагач е оваа коалициона Влада, а партиципиентите во таа коалициона Влада меѓусебно се расправаат. Зошто претходно, би Ве замолил, не се договорите како пратенички групи односно како партиципиенти во таа Влада преку вашите министри на кој начин ќе гласате.- Вака излегува дека навистина немате коалиција. Зошто не малтретирате и нас како опозиција...

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ова не е процедурално.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

И јавноста ја малтретирате. Ако имате недоразбирање, расчистете ги претходно, а не да губиме време по саат два и три меѓусебно да се расправате во еден личен маркетинг.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ова не е процедурално.

Има збор министерот Хајредини.

IV/8.-

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

На прашањето кој ќе бидат финансиските ефекти? државата не сака никакви финансиски ефекти од оваа камата. Државата сака ни еден денар да не се наплатува од оваа камата. Затоа се предлага таа да биде три пати поголема од есконтната луѓето да не доаѓаат во ситуација да се плашат да плаќаат ваква камата. Според тоа , не пресметуваме приходи од овој вид камата. Државата не се меша во пазарното стопанство на субјектите. секому да му е јасно. што повеќе наплатат, апсолутно државата не се бави со прибирање податоци колку затезна камата ќе наплатат субјектите. Нема да биде и за другата камата.

Второ, методологијата ја објаснивме. Есконтната стапка плус уште два пати. Која методологија е? Методологијата на утврдување на есконтната стапка исто така ќе биде во Одлуката на Парламентот за кредитно - монетарната политика утврдена на кој начин. Таму е ориентација таа камата да не биде под стапката на инфлацијата, како порано за да не дојдеме во таа политика која не довела во оваа ситуација. Користење кредити без камати, а ги изедовме туѓите пари, а кај мене дефилираат тие доверители од милијарда долари што преку тој банкарски систем со не наплаќање на затезна камата некој ги зеде а оваа државата ги должи. Милијарда на нашите граѓани, милијарда на странските доверители, долари, не ќе можат три поколенија да ги платат. Токму од оваа политика на редовна и на затезна камата. Ова секому да му е јасно и на овој и на секој субјект во оваа држава.

V/1 НН/ПН

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Господа пратеници, мислам дека многу подобро е и попопуларно е да се брани овој амандман онака како што е предложен како пред нашите гласачи, така сигурно и пошироко. Но, не еднаш ние во Парламентот кога се работи за даночни стапки, кога се работи за царини сме лицитирале. Да речеме Владата според одредени квалификации предлага одредени стапки, ние лицитираме, секогаш пониска и пониска. Тоа сме го имале досега и не ни е прв пат во таа насока. Тоа е едната страна.

Другата страна е ако реално се погледаат работите во крајна линија не е популарно државата да пропишува одредени затезни камати. Но, неопходно е пропишувањето на тие затезни камати. Ние до денеска имаме затезна камата на ниво на есконтната стапка зголемена за 40 0%. Владата направи еден потег со намалување на затезната камата, за 50% односно есконтната стапка еднаква и зголемена за 200%. Јас верувам во Владата дека тоа е направено врз база на одредени квантификации, врз база на одредени согледувања, целосни согледувања кој се присутни во Владата по предлог Министерството за финанс

Не можам да поверувам на оние амандмани кој што ни доаѓаат за одредени намалувања, заради тоа што сметам дека не се поткрепени со одредени квантификации и сметам дека цело чудо е како досега не дојде некој амандман за 100%, или за 50% зголемување на есконтната камата, во текот на расправата како што сме имале случаи досега.

Додека есконтната стапка< беше потценета тогаш беше и нормално да имаме зголемување на есконтната стапка со 400%. Сега

кога есконтната стапка го доби реалното можно ниво кое што го имаме, тогаш предлогот на Владата според мене е сосема издржан.

Исто така сакам да го потсетам Парламентот и колегите пратеници дека сигурно ви е поделен извештајот на Комисијата за финансирање и буџет. Таму Комисијата едногласно го прифати Предлогот на законот, предложен онака како што е од Владата, без никакви измени.

Па, еве ова беа мои укажувања настојувајќи реално да ги изнесам работите, па секој ќе си одлучи онака како што смета дека е исправно, како по другите закони и амандмани, исто така и по овој амандман.

**ДУШАН ТРПЕНОВСКИ:**

Во ред, есконтна стапка, инфлација, затезна камата и се тоа ставено во еден стабилизационен контекст. Тоа е во ред во водењето на економската политика и елиминирање на непотребните социјализации во сферата на економијата. Меѓутоа, имам едно прашање до министерот.

Ако вака постапуваме према економските субјекти поставени на пазарот дали исто така и Буџетот спрема своите корисници со средствата, за средствата со кои што Буџетот се определил дека ќе ги исфинансира корисниците тие средства ќе бидат- ставени под третман на истите критериуми како што се ставени стопанските субјекти, или со други зборови, или Буџетот би требало да има поинаков третман во однос на корисниците отколку што е третманот на стопанските субјекти.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (13)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 поднесен од пратеникот Симеон Иванов.

Продолжуваме со претрес по Текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор Тодосија Паунов.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Почитувано претседателство, дами и господа, јас во врска со законот немам некоја забелешка, меѓутоа имам едно прашање но бидејќи има нешто не ми е доволно јасно. Тоа е која е основицата што се применува оваа стапка, односно на која основица се применува. Дали некој организации кои издаваат бонови над дозволеното, дали се применува оваа стапка? Дали се применува оваа стапка на неисплатените лични доходи кои организации, приватни претпријатија и дуќани на вработените им ги плаќаат придонесите на крајот на годината за цела година, а не се врши ревалоризација од првиот до 12-от месец и дали се должни и тие да плаќаат затезна камата на доцнењето на личниот доход на работниците што пензискиот фонд, здравственото осигурување, данокот што се плаќа од личниот доход, што се плаќа со задоцнување од неколку месеци, па и година, дали оваа стапка ќе се примени. Сметам дека е нормално да се применува.

Кога сум веќе тука, Буџетот празне, средства нема се касни со пензиите, се касни со другите издатоци од Буџетот. Мислам дека

средствата не се собрани од стопанството, оние кои се должни да плаќаат. Плаќа само еден дел од организациите и тие мора да платат и камата и затезна камата, додека другиот дел , приватното стопанството не плаќаат. Мислам дека би требало со некој закон да се уреди личниот доход на работниците да мора да се исплати до 8-ми во месецот за изминатиот месец, да се пресметаат и платат. Кој ќе задоцни да плати затезна камата. Другите организации кои што се корисници на Буџетот на 10-ти да земаат личен доход, или некој ден да се помери. Од тој ден мислам дека треба обврската за затезна камата да се применува и сите да плаќаат, да учествуваат, а не само одделни организации.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по Текстот и предлогот на законот го ставам на гласаше.

Молам претходно да се преброиме колку има присутни во салата.

(Стручните служби ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Имаме кворум за работа.

Кој е за молам да крене рака. (62)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за височината на стапката на затезната камата.

Минуваме на **<u>точката 3.</u>**

Молам да се повика министерот за внатрешни работи, господинот Фрчковски.

Предлог за донесување на закон аз внатрешни работи.

Предлогот за донесување на закон, извештаите на работните тела на Собранието како и забелешките на пратеникот Тодор Петров ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас би замолил да прифатите еден предлог а тоа е точката под реден 3 и 4 - предлог за донесување на закон аз внатрешни работи и предлог за донесување на закон за агенцијата за разузнавање, со оглед дека и двата се во фаза на предлог за донесување закон да донесеме заклучок расправата денес, во оваа фаза да ја водиме заеднички, а усвојувањето да биде поединечно.

Понатаму, во предлог фазата на расправата поединечно да ја водиме расправата.

Мислам дека е целисходно со оглед дека уредуваат една материја која досега се уредуваше со еден закон. Расправата по овие два закони да ја водиме заеднички и доколку оцениме дека има потреба од донесување на два закони, како што се овде предложени, тогаш во наредните фази да водиме поединечна фаза.

Барам предлогот да се стави на гласање.

V/6

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Бидејќи имаме предлог, предлогот го ставам на гласање.

Кој е за расправата по овие два закони да се води заедно?

(52 пратеника)

Предлогот е усвоен со 52 гласа.

Значи, расправаме заедно за двата предлога за донесување на закон - предлогот на закон аз внатрешни работи, за кој извештаите нас работните тела, како и забелешките на пратеникот Тодор; Петров ви се доставени односно поделени, а истовремено за предлогот на донесување на закон за Агенцијата за разузнавање.

Предлогот за донесување на закон, извештаите на работните тела на Собранието и забелешките на пратеникот Тодор Петров ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, секако дека овој предлог аз донесување на закон според пратеничката партија - Либерална партија нешто касни иако е даден во април месец, а дури сега е даден на дневен. ред, сакам да дадам некои забелешки во име на Пратеничката група.

Пред се, и јавноста па и Парламентот е запознаен дека пратеничката група на Либералната партија излезе со свои забелешки и свои коментари во јавните гласила на Република Македонија. Како потреба не е спорно дека ќе има потреба да се донесе овој закон. Имено, се работи дека овој орган е мегаломански орган и дека во него се најдени многу служби, според наше мислење, кои треба да не се во составот на органот.

V/7

Пред се, се работи за граѓанските служби. Имено, овде сакам да истакнам дека издавањето на пасошите, издавањето на личните карти, издавањето на возачките дозволи, матичната евиденција која содржи книга на родените вклучување на бракови, тоа се граѓански служби и според наше мислење овие служби треба да се> формираат други институции да не се во состав во МВР.

Исто така, нашата забелешка е за инспекцијата за стопански криминал да не биде темал на овој закон туку оваа инспекција да премине во финансовата полиција за која повеќе пати овде имаме споменувано во дискусиите.

Во овој закон иако се дадени доста работи кои ги третира овој закон, па и други работи утврдени со овој закон не е кажано се што е содржано, но мислам дека овие работи се оставени, бидејќи со друга материја не се третирани.

Што се однесува до Дирекцијата за заштита на уставниот поредок мое лично мислење е дека оваа дирекција треба да биде одделено од МВР. Треба да биде во составот но да биде како посебен орган, дирекција која треба во ваа дирекција директорот да го именуваат односно да го предлага претседателот на Републиката бидејќи претседателот* овие служби и дирекцијата за заштита на уставниот поредок и Агенцијата за разузнавање се мошне важни за водењето на политика на државата, па мислам дека овие луѓе треба да ги предлага претседателот на државата.

Исто така, од многу други работи, затоа што ние сме и мала земја и живееме во една средина со една посебна историја, па според овие аргументи треба да биде така како што реков.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, како известил на Комисијата за контрола над работата на СДБ би сакал да кажам неколку збора во врска со донесувањето на предлогот аз донесување на закон за внатрешни работи и предлогот аз донесување на закон аз агенцијата.

Комисијата за контрола над работата над СДБ расправајќи по предлогот за донесување на Законот на внатрешни работи и предлогот за донесување на закон за агенцијата аз разузнавање темелно ги претресе двата текста на закони, секој одделно, но и двата закони заедно компарирајќи ги понудените решенија во нив. Ваквиот начин на работа се наметна самиот по себе со оглед на тоа што овие два законски текста се тесно поврзани но сепак секој за себе претставува целина.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ**: (продолжение)

Неопходноста од донесувањето на овие два закони е условена од промените што се одвиваат во нашата држава. Уставот на РМ од темел го промени општествено политичкиот систем и општествено економските односи, а следствено на севкупните промени во државата предлагачот уште во месец април 19 93 година, до Собранието ги достави овие два закони.

Комисијата констатира дека предлагачот ценејќи ги позитивните искуства од повеќе децениската работа, но компарирајќи ги позитивните искуства од другите држави, едновремено вградувајќи ги во текстовите на понудените закони предлага посебен модел како да се регулира овој сегмент во државата. Напорите во таа насока се видливи, но сепак останува простор во соодветни интервенции во наведените текстови на законите со што би се создал свој независен модел за работа, модел кој би соодветствувал на просторот, можностите и потребите на РМ.

Комисијата во текот на расправата одлучи да одржи посебна седница на која покани научни стручни и јавни работници кои низ расправата ги изнесоа сопствените согледувања, понудија предлози и сугестии во однос на понудените решенија во двата закона.

Изнесените забелешки и предлози од оваа расправа, би можело да се каже дека се вградени во извештајот на Комисијата што ви е поделен. Но, мислам дека би било поцелисходно и поприемливо забелешките, предлозите и мислењата од оваа седница да се доставaт до МВР бидејќи истите се стенографирани односно писмено доставени до Комисијата.

Ова го предлага, бидејќи од извештајот на Комисијата не може во целост да се согледа она што беше изнесено и предложено од научните, стручните и јавните работници кои учествуваа во таа расправа.

VI/2

Дозволете ми накусо да се осврнам на некои посуштествени предлози и забелешки изнесени во расправата на Комисијата.

По однос на законот за внатрешни работи предлагачот не би требало да го пренабрегне фактот дека треба да понуди соодветно растоварување на надлежностите на работите на МВР, бидејќи во процесот на трансформацијата на ова министерство, но и на другите министерства која треба да уследи е неопходно пренасочување на управните функции што ги има ова Министерство, а со цел МВР да остане ефикасен орган кој би ги следел промените во Уставот на РМ неопходно е да се понуди ново решение на членот 24 , бидејќи материјата која ја регулира овој член би требало да биде содржана во законот за кривичната постапка.

Министерството треба да соработува и со меѓународни организации, бидејќи како што е познато неодамна МВР е примена во Интерпол. Да се доразработи надлежноста и работата на Дирекцијата за заштита на уставниот поредок, како и делот кој се однесува на униформираната полиција, делувањето на полицијата во цивилна облека, криминалистичката полиција и др.

Во однос на Законот за агенцијата за разузнавање би требало да се доразработи безбедносната стратегија на државата, да се дорегулира и доразработи структурата на разузнавачко - безбедносниот систем и др.

Комисијата го постави прашањето дали Законот за агенцијата треба да се носи во постапка која е предложена од предлагачот или истиот да се донесе во посебен режим дека таа треба да биде офанзивна, да делува како на територијата на РМ така и надвор од неа, а особено внимание треба да се посвети на градењето на соодветни механизми за контрола над работата на Агенцијата но и на органот за внатрешни работи.

На крајот уште еднаш да нагласам дека Собранието би требало да ги усвои предлозите за донесување на Законот за внатрешни работи и Законот за агенцијата за разузнавање и да се задолжи Владата да изготви и да достави Предлог на закон за внатрешни работи и Предлог на закон за разузнавање.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави господинот Љубомир Поповски:

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, ако ми дозволите јас би се задржал само на некои куси начелни напомени во врска со донесувањето на овие два доста значајни закони.

Предлогот за донесување на Закон за внатрешни работи и Предлогот за донесување на закон за агенцијата за разузнавање несомнено значат нов самостоен и автохтон модел на системот на безбедноста, како значаен елемент на функционирањето на државата.

Двата закони содржат одредби кои значат рационално решавање на безбедносните функции во РМ со издвојување на две компоненти.

Првата е заштитата на уставниот поредок, контраразузнавачка дејност и сигурноста на граѓаните и имотот преку МВР и

Втората компонента разузнавачката дејност која непосредно ќе ја врши и координира агенцијата за разузнавање.

Со издвојувањето на Агенцијата за разузнавање како посебен државен орган всушност се врши растоварување на МВР како гломазен орган со бројни надлежности. Практично работите што се однесуваат на заштитата на уставниот поредок односно контраразузнавачката дејност, извршно полициските овластувања, спречување на сите видови на криминалитет и друго , остануваат во надлежност на МВР, а со

издвојувањето на Службата за државна безбедност во посебен орган на државната управа Агенција за разузнавање истата не би имала никакви извршно полициски овластувања што подразбира да не може да се легитимира или да се задржуваат лица. Значи, Агенцијата исклучиво е надлежна да собира податоци и информации од значење за безбедноста и одбраната на РМ и стопанските, политичките и другите интереси на државата. Тоа е членот 2 став 1 од овој Закон.

Со оглед на тоа што со овие закони се регулира материја која навлегува во основните слободи и права на човекот и граѓанинот како темелна вредност на Уставниот поредок на државата, потребно е да се дефинираат и прецизираат надлежностите и задачите како на Дирекцијата за заштита на уставниот поредок така и на Агенцијата за разузнавање. Бидејќи без прецизни надлежности не би можело да се обезбеди вршење на контрола и надзор над работата на овие органи.

Во оваа смисла произлегува потребата во Предлогот за донесување на закон за внатрешни работи да се предвиди одредба за контрола над работата на Дирекцијата од страна на Собранието на РМ, а во Предлогот за донесување на закон за Агенцијата за разузнавање да се обезбеди поголемо влијание и увид на Претседателот на Републиката согласно неговата уставна позиција врз работата на истата Агенција.

Во предложениот Закон за внатрешни работи постојат одредби кои упатуваат на регулирање на работите од оваа област со подзаконски акти. Ова би значело зголемување на овластувањата на министерот. Оттука се смета дека во наредната фаза на изготвуваното на овој закон потребно е прашањата што се однесуваат на внатрешната организација на МВР по прецизно да се доразработат и дефинираат.

Што се однесува до Предлогот за донесување закон за Агенцијата за разузнавање основано се поставува прашањето за односот Помеѓу посебното работно тело за координација и контрола над работата на органите и службите кои вршат работи од областа на безбедноста и разузнавањето во РМ образувана од Владата, член 9 од Законот и Советот за безбедност на Републиката односно дали има потреба ваквото тело да остане како решение во наредната фаза од подготвувањето на овој закон.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана на својата седница одржана на 28 октомври 1993 година ги разгледа овие два предлога за донесување на закони при што одделни членови дадоа свој сугестии и забелешки кои се содржани во извештаите на Комисијата.

Исто така Комисијата како матично тело во овие два закони предложи Собранието да ја задолжи Владата да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон за внатрешни работи, Предлог на закон за Агенцијата за разузнавање при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги, денеска по редифинирање на плурализмот на општествените вредности нормално е и редефинирање на безбедносниот систем за да може истиот да стане комплементарен на промените односно на пуларните модалитети во политичката и економската сфера настанати со уставното редефинирање на општествените вредности за да ја извршува заштитната функција на демократски воспоставеното општествено уредување на државата РМ.

VI/6

Безбедносниот систем може да биде делотворен, не може да биде делотворен и да егзистира врз идеологизираните опции и визии за таканареченото општествување на безбедносната функција изразена низ концептот на општествената заштита. Зошто? Ова затоа што со донесувањето на Законот за трансформација на општествената сопственост, општествената сопственост се деструира и на нејзината подлога никнуваат два нови модалитети државна, приватна, мешовита сопственост. Имено, со уставното редефинирање на општествените вредности и воведувањето на пуларните модалитети во политичката и економската сфера со рехабилитирање на граѓанинот како основен субјект на демократијата, полицијата ја загубува позицијата на политичка полиција и единствен орган на државниот монопол на власта во сферата на безбедноста и тоа ја наложува како закономерна потребата од радикално редефинирање на безбедносниот модел.

Безбедносниот систем секако треба да има во својата струк- тура и институции и функции со нова номенклатура и модалитети кои ќе бидат комплементарни на промените настанати со трансформација на општествената сопственост и со другите редефинирани модалитети на општествените вредности.

Оттука се приклучувам кон сугестиите дека наместо Закон за внатрешни работи потребно е ново име на законот - Закон за органите на безбедност, со што ќе се надмине едно сфаќање за универзалноста и трајноста на употребната вредност на синтагмата внатрешни работи и нејзините бројни модалитети нагласени во делот причини заради кои се донесува закон.

Сепак треба да се избега од одредени поими без јасна идентификација како што се извршување на внатрешните работи, нови односи во сферата на внатрешни работи итн. за да се конкретизираат субјектите во целината на безбедносниот систем.

Имено, да се конкретизира униформираната структура на органите за безбедност, полицијата и нејзините организациски модалитети како што е гранична полиција, конзуларна полиција, сообраќајна, специјална, позорно - патролна, женска итн. слични други модалитети.

Второ, цивилната структура на полицијата на органите на безбедност односно криминалистичката полиција и Дирекцијата за заштита на уставниот поредок како нова номенклатура. Сугестијата Законот за органите за безбедност впрочем се поклопува со образложението на предлагачот. Конституирање на ново уставно уредуваше на РМ како независна, суверена и демократска држава претпоставува изградување на нова модерна и функционална служба за безбедност која ќе го штити уставниот поредок, сигурноста на граѓаните и имотот на целата територија. Така подготвувачот во својот почетен дел уште на првата страница се изјаснува во однос на целината на безбедносниот систем.

Спрема тоа, сосема е јасно дека употребните вредности на поимот безбедност е поширока затоа што може да опфати нови модалитети во целината на безбедносниот систем на РМ како што е личната безбедност, семејната, групната безбедност, приватната безбедност, националната безбедност, воената безбедност итн. модалитети на безбедност кои се разликуваат од терминот внатрешни работи кој во ова вре- ме мислам дека е стереотипен и има ограничени и потребни вредности.

Со прифаќањето на Предлог законот за органите за безбедност постојното Министерство за внатрешни работи ќе ја добие својата објективна модификација и номенклатура Министерство за безбедност.

Би сакал уште да ја нагласам и потребата од регулирање на сикино воспоставените модалитети на приватната безбедност. Еден од бројните модалитети присутен во практиката на современите безбедносни

системи кои егзистираат повеќе децении и тоа може да биде нашата иновација во дефинирање на контурите на новиот безбедносен модел на РМ како алтернативен инструмент на слабите досегашни ефекти на полицијата во таа сфера. Затоа сега по конституирањето на новото уставно уредување на РМ императивно се поставуваат следните прашања.

Дали во РМ постои , дали функционира безбедносен систем што ги зафаќа модалитетите на новите безбедносни проблеми примерен на модалитетите настанати со пуларното редефинирање на општествените вредности. Ако пак постои, кои се неговите институции и која е неговата номенклатура. Ако немаме безбедносен систем комплементарен на новото уставно уредување односно на промените настанати со тоа во РМ како самостојна, независна и демократска држава, дали со овие два законски предлози се постигнува тоа. Мислам дека тешко може да се заклучи дека со овие два Предлог законски проекти се обезбедува новата функција на безбедносниот систем комплементарен, како што нагласив за новото уставно уредување.

Се поставува уште едно прашање дали се предвидува какви состојби можат да настанато по државата РМ кога би се донеле овие два законски проекти вакви какви што се предлагаат со легализирање само на две издвоени компоненти на безбедносниот систем заштита на уставниот поредок, контраразузнавачката заштита преку Дирекцијата за заштита на уставното уредување, сигурноста на граѓаните и имотот преку МВР.

Второ, разузнавачка функција на Агенција за разузнавање.

Мислам дека носењето на предложените решенија вака како што се понудени од предлагачот за мене за сега е дискутабилни.

VII/1/РД/лј

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ**: (продолжение)

Затоа што се можни при таква структура на безбедносниот систем општествени потреси кој може да ги продуцира и така концептираниот безбедносен систем лично на оние каде безбедносниот систем им дава отпор на политичката волја на народот за нивна подлабока трансформација комплементарна на примарната определба во образложението на предлагачот, повторно ќе нагласам конституирање на новото уставно уредување на Македонија, како самостојна суверена и демократска држава. Притоа државата Република Македонија, ако остане на овие решенија, ако не се оди подлабоко, мислам може најмногу да загуби а целокупната вина да падне на парламентот, како законодавна власт. Затоа се залагам за подлабоко концепциско и методолошко моделирање на системот за: безбедност и тоа дотолку повеќе што самиот предлогач во уводното образложение најавува. Преобразба на овој државен орган реформирање на Службата за безбедност, воспоставување на нови од- носи во сферата за внатрешни работи, структурни промени во МВР и така натаму. Според тоа, безбедноста и безбедносните системи ниту почнуваат, ниту завршуваат со донесувањето на овие два законски проекти. Напротив, истите ги прифаќам како основа за градење на една посолидна законодавна правна стратегија во целината и конзистенција на безбедносниот систем.

Исто би се произнесол околу директорот на Агенцијата за разузнавање, околу неговото именување мислам дека определбата да го именува претседателот на Републиката е најрелевантна, а директорот на дирекцијата за заштита на уставниот поредок мислам дека треба да биде одговорен пред Владата и пред министерот, треба да го именува Владата.

VII/2.-

**ХАМИД АЛИУ:**

Господа пратеници, предлогот за донесување на Законот за внатрешни работи требаше уште порано да се донесе од причина што отпочнвуаат новите демократски форми на живеење. Многу почесто, отколку порано постапките на полицијата се предмет на јавни коментирања, оценувања проценувања, критикувања. Према содржината на Законот за внатрешни работи, а гледајќи ги општите одредби делокругот и организацијата на Министерството потребни должности и овластувања на права и должности на овластените службени лица меѓународна соработка на Министерството, воени одредби, па до преодни службени одредби, практично за полицијата нема санкции бидејќи секогаш се тие во право. Черчил рекол степенот на цивилизираност на едно општество се распознава со еден поглед фрлен во неговите затвор Оттука, во демократското општество институционалната и нормативната заштита по правило се ограничува само на ликвидноста на институциите Средствата и основните правила на однесување зависат од животот на заедницата. Во такви услови законот треба да овозможи позицијата на полицијата да се стави во точка на рамнотежа, од една страна да обезбеди почитување на човековите права, а од другата да ја извршува власта која е доверена од страна на законодавните и државни органи. Оваа функција полицијата ја остварува со помош на власта по која се разликува од сите основни државни институции. Меѓутоа, власта како апстрактна категорија изразена преку законот кој треба да биде во функција на заштита на цивилизациските вредности, во заштита на човековото достоинство во заштита на послабите од помоќните, истовремено демократското општество мора да има механизам со кој ќе овозможи власта да стане неограничена, затоа и неконтролирана. Па наместо инструмент создаден за заштита на системот да остане инструмент за негово потчинување. Наместо во името и борбата за спречување на криминалот, да ги укине

основните човекови права и слободи мора да се внимава со законот да ја врши својата функција, но останувајќи во рамките на законите на кои истата им подлежи.

Втора дилема за мене е во Законот, во општите одредби дали и понатаму да се дозволи мешање на полицијата во стопанството и под форма да гони криминал. Пазарното стопанисување не поднесува ни притисок од оковите на правната регулатива, ниту присуство на полицијата во фирмата. Пазарот може да постои само како слободен и никако поинаку. Тоа претставува повлекување на правната регулатива и на државниот репресивен апарат од целиот пазар. Државното присуство е дозволено единствено само заради заштита на државните приоди, за заштита на чесниот бизнис и заштита на слободите и правата на граѓаните. Се она што е надвор од овие зони е слободен пазар, без право на државна интервенција во него.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, несомнено е потребата од донесување на закон за внатрешни работи, односно и закон за агенцијата за разузнавање иако е моето лично мислење дека околу законот за агенцијата за разузнавање, ова собрание не би требало многу да расправа, затоа што свесни сме дека и многу подемократски развиени држави, на некој начин овој сегмент на заштита на државата од условно кажано така наречениот надворешен непријател ја чуваат во една поголема тајност. Меѓутоа, мислам дека законот за внатрешни работи е закон кој ќе одговара на потребите на независната македонска држава во извршување на функциите што како сегмент на целосната безбедност би требало да ги извршува полицијата како гарант за сигурноста на граѓаните.

Во периодот на осамостојување на македонската држава Министерството за внатрешни работи ја одигра улогата на единствен безбедносен чинител затоа што македонска армија свесни сме во тоа време не постоеше, односно немавме, туку имавме една странска армија

на македонската територија, така наречената бивша ЈНА која повеќе од 90 година па навака не ја чувствувавме како своја армија и секој добронамерен државјанин на Република Македонија им ја искажува својата бескрајна благодарност и почит за тој период на припадниците и на јавната и на државната безбедност при Министерството за внатрешни работи. Тоа мислам дека е една општа констатација за тој период. Постојниот закон за внатрешни работи тоа повеќе од сигурно не одговара на новонастанатите околности и затоа за поздравување е потегот на актуелната Владата на Република Македонија на Собранието да му поднесе предлог за донесуваше на закон за внатрешни работи без разлика што моето лично мислење е тоа дека можело да се стори пред една година, се разбира со едно претходно донесуваше на закон за државните органи. Сакам да го цитирам членот 95 од Уставот на Република Македонија кој гласи: став 1 државната управа на Република Македонија ја сочинуваат министерства и други органи на управата и организации утврдени со закон, став 2, се забранува политичко организирање и дејствување во органите на државната управа, став 3, организацијата и работата на органите на државната управа се уредуваат со закон што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, завршен цитат. 3'& жал$ Владата на Република Македонија еден таков закон сеуште не му понуди на ова Собрание и затоа кај мене е длабок впечатокот дека повторно како Собрание работиме не уставно, односно носиме закони за делокругот и работата на одделни органи на управата, односно државни органи врз основа на законот за органите на управата, Службен весник на СРМ, бр. 40 од 28 ноември1990 година. Закон кој не соодветствува со постојниот Устав на Република Македонија. Оттука можам да констатирам дека актуелната коалициона Владата на господинот Црвенковски не почитувајќи го Уставот спроведува во Република Македонија една така

наречена прикриена диктатура, негирајќи ја законодавната власт со тоа што има парламентарно мнозинство односно, 71 пратеник кои вчера и изгласа доверба на таа така наречена коалициона Влада и тоа парламентарно мнозинство со тоа докажа дека ја поддржува нејзината политика. Затоа не загрижува и нереагирањето на непочитуваниот претседател на Република Македонија кој како претседател на Советот за безбедност во кој по функција е и министерот за внатрешни работи.

Размислувајќи со логиката на умот за содржината на текстот на став 2, од претходно цитираниот член 95 од Уставот, каде се заб- ранува политичко организирање и дејствување во органите на државната управа;, не радува признанието на предлагачот во Предлогот за донесување на "Законот за внатрешни работи, а тоа е Владата на Република Македонија, каде под римско I стои причини поради кои се донесува законот во текстот стојат овие напишани редови, цитирам. Во оваа мисла предлогот за донесување на Законот претендира на заопкружува на веќе започнатиот процес на формирање на современа професионална и независна деполитизирана полиција која успешно и ефикасно ќе ги остварува своите функции, што ќе значи воспоставување на нови од- носи во сферата на внатрешните работи, завршен цитат. Оттука, под 1 произлегува дека законот претендира на заопкружување на веќе започнатиот процес, значи процесот сеуште не е завршен, јас неизмерно благодарам ќе кажам за ова нивно признание, што значи дека во Министерството за внатрешни работи сеуште имаме, можеби во помал обем, политизирани раководители, односно луѓе кои се верни на социјалдемократскиот сојуз на Македонија, затоа што министерот е член на таа партија. Тоа исто така значи според цитираното дека сега полицијата не ќе остварува успешно и ефикасно своите фунции. Така стои во цитираното, значи сеуште не е заокружен веќе започнатиот

процес. Знаејќи дека со сегашниот закон за внатрешни работи Службата за државна ' безбедност е самостоен сегмент при Министерството за внатрешни работи и искажаното во цитираното признание на Владата, ме загрижува дека по три години од првите повеќе партиски избори и конституирање на овој парламент, начинот на работа на оваа служба практично останал ист во доменот на ширењето на дезинформации по налог на политички' определениот министер, односно пронаоѓање на таканаречени внатрешни непријатели и таму каде ги нема. Согласно 50 годишната пракса и обврска за целосна контрола на печатот и другите средства за јавно информирање, како основен услов за само заштита на таа поранешна единствена партија, чиј наследник е сега социјалдемократскиот сојуз. Меѓутоа, ако за овие три години редовно некој го следи пишувањето или читањето на коментарните на одделни, односно ги чита или ги слуша коментарите на одделни новинари, на пример ќе го земам само дневниот весник "Нова Македонија".

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Оставете ги други прашања. Треба да се дискутира за Предлогот за донесување на закон.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Да да, ова е предлог за донесување на закон во кој овие работи се случуваат по налог на Службите кои се инкорпорирани во тоа министерство за внатрешни работи. Јас морам да елаборирам, иако знам дека ве боли таквиот однос на изнесува на некои факти, морам да елаборирам зошто предлагам и на кој начин тоа повеќе да не се случува.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Да се задржиме на Предлог за донесување на закон. На тоа што се нуди и што предлагате и што сугерирате да се осоврши тој закон.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Еве кажувам. овие работи повеќе да не се случуваат.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Вие зборувате за други прашања.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

За кои други прашања. Налогот на министерот за внатрешни работи да пласира дезинформации во средствата за јавно информирање, дали се други прашања. Со Закон треба да регулираме една контрола. Јас знам дека ве боли господине претседавач.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ништо мене нема што да ме боли. Имаме пред себе предлог за донесување на закон.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Токму зборувам за Предлогот за донесување на закон за внатрешни работи. Токму за тоа зборувам. Верувајте ми. Ако сакате, ако не ви се допаѓа дискусијата, тоа е друго прашање. Кажете напуштете ја говорницата , ме заболе затоа што зборувате некои работи што не ми се допаѓаат. Вчера дискутиравме за друга работа, за Владата. Не дискутираме сега за Владата, туку за однесување на закон за внатрешни работи. Можете да прочитате и некои наводини вистини или полувистини,а се со цел за дискредитирање на одделни политички личности или пак политички партии со македонска национална определеност. во областа на внатрешни работи и одбраната на државата свои коментари даваат, се едни исти новинари како наводни стручњаци. Еве ќе го земам само примерот повторно од "Нова Македонија" на господинот Зоран Петров. Така на први август 1992 година, заедно со Лилјана Кочовска од истиот весник пишувајќи за проблематиката на внатрешните работи со поднаслов "Партиски прсти во полицијата", односно "Тест пример за деполитизација", значи со своето пишување, согласно уредувачката политика, сигурно некој му кажал, така да напише, докажуваат дека одредени политички партии се

инволвирани во Министерството за внатрешни работи, а политички определениот министер е деполитизиран. Каков апсурд. Секој би се запрашал, а сакајќи да се донесе уставно поткрепен закон за внатрешни работи, што со ваквите случаи ако се знае дека министерството за внатрешни работи со овој закон, што е предмет на оваа собраниска расправа е предвидена дирекција за заштита на уставниот поредок. Дали таквите случаи ќе поминат во нејзино наследство и повторно ќе имаме задолжение од министерот Фрчковски како политички определен човек поттикнати за политичка и лична дискриминација на неговите политички противници, со тоа дека некој држел тирада или пак има афинитет кон бившата ЈНА или соработувал со Аркан итн. итн. Каква ќе биде парламентарната контрола за да не се случуваат такви работи, односно недемократски работи.

Читајќи го членот 1 од одделот општи одредби впечатокот е дека Министерство за внатрешни работи ќе биде едно предимензионирано министерство со полиција, криминалистичка полиција. претходно спомнатата дирекција за заштита на уставниот поредок, работа на гранична полиција, против пожарна заштита, обезбедување, сообраќајна полиција, чисто управни работи и на крај производство,промет, складирање, превез итн. итн., на запаливи течности, оружје, експлозиви и друго. Тоа е покрај предимензионираноста и голема концентрација на моќ, што преку овој закон би го имала било која политичка партија, односно преку својот политички определен министер, односно тоа би значело политизација на државен орган,со ставање во незавидна состојба, неприродна би рекол, на професионалните кадри вработени во тој државен орган.

Затоа јас ги прифаќам размислувањата на одделни стручњаци од Факултетот за безбедност кој како поканети гости ги изнесоа своите

стручни согледувања пред Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност. Сугестијата е предлагачот во натамошната фаза на законот да понуди концепт за поедини функционални целини од областа во која треба да ги извршуваат задачите.

Прво, одржување на јавниот ред и мир односно класична полиција со сообраќајна полиција.

Второ, криминалистичка полиција.

Трето, погранична полиција,

Четврто, дирекција и друга форма за заштита на уставниот поредок и тоа да биде при Министерството за правда, со една целосна парламентарна контрола во која би учествувале, да речеме не мора сите политички субјекти во ова собрание туку над 25 пратеника во своите пратенички групи.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ**: (продолжение)

Петто, финансиска полиција и таа да биде при министерството на финансии и

Шесто, издвоена противпожарна служба. Затоа што секаде противпожарната служба е надвор од МВР, а ние имаме сега еден диносаурус, така би го нарекол од Министерството за внатрешни работи.

Нешто од гореспоменатите го имаме во развиените држави и не би било лошо предлагачот да размисли за една ваква концепција со строго дефинирани надлежности на поедините сегменти од областа на безбедноста и сигурноста на граѓаните и државата и нивна целосна парламентарна контрола со учество, како што кажав на овие политички субјекти кои би ги имале над 20. Тоа- е мој предлог може и помалку да биде, зависи како ќе се прифати од вас итн.

Ова го кажувам од проста причина што вака .концептиран предложениот закон за внатрешни работи заличува на закон правен со сугестија на една партија која мисли дека лесно ќе владее односно ќе го има главниот збор во македонската дража, што е повеќе од смешно, би кажал. Ако не мисли таа партија СДС дека утре кога ќе ги загуби изборите, на пример можеби ќе сака да изведе еден класичен државен удар. Зошто го кажувам ова:

Прво, професионалноста на криминалистите, сообраќајците, чуварите на јавниот ред и мир, противпожарникарите и се потребни на секоја власт. Тие се основа на заштитата и чувството на сигурност и вербата на државните органи на секој граѓанин. Кога тие ќе функционираат секој граѓанин ќе има чувство дека е заштитен во оваа држава од сите можни несакани дејствија.

Второ, заштита на државниот поредок односно пронаоѓање следеше и оневозможување на сите оние кои работат против државата е уставна категорија и обврска на било која партија која се бори за освојување на политичката власт.

Би се запрашал, ако дојде утре на пример ВМРО ДПМНЕ на власт дали би требало да ги применува сите средства и методи што сега, ги употребува актуелната власт за дискредитација на политичари и партии од опозицијата односно со примена на разни контроли да ги дознава партиските тајни. Дали истите луѓе инволвирани по задача и по наредба од политички определениот министер од службата за државна безбедност во партиите и во редакциите на медиумите ќе и служат сега како партија на власт, на ВМРО-ДПМНЕ. Ве уверувам дека е тоа најлесна работа и тие ќе и служат затоа што се професионалци, без разлика дали ќе се уништи одредена документација или не. Но, секој би требало да се запраша дали при сегашните услови или при условите кои пред малку ги наведов како една визија односно едно размислување ќе имаме демократија, верба во правна држава и целосна безбедност на државата и граѓаните, или ќе имаме една прикриена или како што господинот Љупчо Георгиевски ја нарече една нежна диктатура. Јас за такво нешто не би се залагал без разлика, и мојата партија утре да дојде на власт.

Трето, повеќе од потребно е создавање со посебен закон на финансиска полиција при Министерството за финансии затоа што при сегашниве услови државата не може да си ги прибере даноците и придонел сите, па затоа имаме празна каса и во државата и во фондот за пензиско и инвалидско осигурување, во здравството, социјалната итн.

Да завршам со едно спојување на претходно искажаните мисли. Ни треба закон за внатрешни работи кој сите политички субјекти и добронамерните и лојалните граѓани би го прифатиле како пропис за сигурноста и опстојувањето на македонската држава со професионално

и самопрофесионално извршување на задачите од извршителите во областа на внатрешните работи, а не со политичка наредба итн.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, Поаѓајќи од важноста на овој закон, мислам Законот за внатрешни работи чувствувам потреба да искажам некои свои видувања од потребата како и од понудените решенија, иако можеби ќе забележите како членови на надлежната комисија дека имавме можност за тоа да се искажеме и во работата на самата комисија.

Најпрвин сакам да го поддржам предлогот за донесување на овој закон бидејќи тој треба да регулира доста значајни прашања, непосредно поврзани како за безбедноста на државата така и во делот на безбедноста на граѓаните, имотот на граѓаните, од друга страна и прашањето за граѓанските права. Можам да констатирам дека овој закон е еден од фундаменталните на кои треба да почива нашата држава во смисла на уставните определби со кои Собранието како највисок орган во законската регулатива со донесувањето на овој закон се определи за еден нов концепт каде покрај државата граѓанинот како субјект претставува една значајна карика во вкупното однесување на државата и граѓанинот.

Мој впечаток е понудените решенија во текстот дека се значајно радикални и дека тие претставуваат еден нов квалитет во однос на решенијата што ги имавме во досегашниот закон.

Морам да го потенцирам фактот дека досегашниот закон МВР го правеше како еден орган во кој беше сконцентрирана голема моќ и влијание, кое што му даваше едно значајно место во државата иако се во името на заштитата на државата и граѓаните односно заштитата на така употребениот термин, работниот човек. Концентрацијата на ваквата моќ во еден орган претставува од една страна, можеби како потреба во

изминатиот развој на нашата држава, меѓутоа тоа истовремено претставува и еден потенцијал, таа моќ и влијание да бидат искористени од поединци а на штета на граѓанинот односно на штета на општите интереси. Од тие причини ваквата поставеност на МВР спрема новиот уставен концепт не коинцидира и сосема беше нормално и потребно донесувањето ан еден нов закон.

Нашата пратеничка група имаше поширок разговор со господинот министер во делот на погледите на регулирањето на оваа материја а и непосредно во делот на поедините решенија содржани во понудениот текст на двата закони и притоа беа непотребно изнесени сугестиите и забелешките во овој дел.

Сепак користам прилика да укажам на одредени прашања кои според моето длабоко убедување заслужуваат внимание и кои треба да бидат земени предвид во понатамошното оформување на конечниот текст на овие два закони кои всушност се предмет на оваа заедничка рас- права.

Лично ценам дека е добро што со понудените решенија од двата закони се настојува досегашното решение на единствен орган односно служба на некој начин да биде поделен во две посебни области кои всушност беа и до сега така конципирани, иако во фазата на спроведувањето на овој закон таа надлежност на овие две области, мислам на прашањето од надлежноста на јавната безбедност и прашањата од државната безбедност беа концентрирани од еден раководител односно од една централизирана служба во која, како што реков поедини прашања беа и можност или опасност во државата односно по граѓаните. Од тие причини ваквата поделба во две области односно во два закони со посебно регулирање на прашањата од надлежностите и улогата, лично и оценувам како еден нов квалитет.

Исто така, лично мислам дека понудените решенија во двата закони на поедините надлежности на овие сега два издвоени органи лично мислам дека претставуваат еден значаен квалитет кој ќе оди на линиција на понатамошната демократизација на односите во нашата држава, а и еден придонес кон заштитата на правата и слободите на граѓаните односно на некој начин ќе биде приближување на оние решенија кои се применуваат и во современите демократски држави. Тоа всушност имавме прилика, барем ние во Комисијата да слушнеме едни пошироки елаборирања на кои основи и од каде се црпени поедините решенија во изготвувањето на овие закони. Сепак морам да кажам дека дел од понудените решенија во делот на Законот за внатрешни работи сеуште претставуваат решенија кои на овој орган му даваат преголеми права и тој орган има една значајна моќ која му дава една посебна позиција или место за влијание во државата. Тоа спрема определбите во Уставот, лично мислам дека некои лицитираат баш во најдобар ред и сеуште со ваквите влијанија и моќ на службата може таа да се претвори и да се повторат одредените лоши искуства што ги имавме во изминатиот историски развој. Тука пред се мислам во делот на прашањата кои се однесуваат на финансиската полиција, на прашањата од стопанскиот криминалитет, што лично мислам дека оваа област на надлежности треба да биде изземена од надлежностите на МВР и тие прашања кои се од групата на цивилни прашања треба да бидат издвоени и пренесени како права на еден друг орган кој ќе биде во функција на истражувања и откривања на тие дејанија од една стручна природа и штитејќи ги интересите на државата од областа на политиката на даноците, на финансиите, а притоа да се избегне можноста за влијанието на овој орган како орган на демонстрирање и спојување на снагата на полицијата која, како што рековме во изминатиот историски развој имаше и несоодветни однесувања односно да не кажам и злоупотреба во вршењето на функцијата. Од тие причини логично се

налага потребата за едно поопстојно размислување на ваквото решение.

Исто така мислам дека треба да се преиспитаат и прашањата во делот на граѓанските права, во случаите кога треба надлежното министерство односно припадниците на надлежното министерство да интервенираат во одредени случаеви. Пред се тука би сакал да се задржам на решенијата во член 5 кои се однесуваат на неповредливоста на писмата. Во тој дел неповикувајќи се само на интересот на државата туку поаѓајќи од интересот на граѓанинот, она што, како што имавме прилика да го слушнеме дека коинцидира со решенијата кои се содржани во државите со развиена демократија.

Исто така мислам дека би требало да бидат подвргнати на повторно преиспитување и решенијата за примената на средствата и принуда и примената на притвор, се од аспектот на давањето на можност на граѓанинот, на неповредливоста на неговата личност и во една целосна заштита да може во еден, како Да кажам рамноправен однос или заштитен однос да може да биде подвргнат на одредени активности на надлежните органи, во конкретниот случај мислам на припадниците на органот во истражувањето или докажувањето на одредени криминални дејанија или дејанија кои отстапуваат и се спротивни на законот. И тоа и најмалку не заговара или не се залага за решенија со кои ќе се оди на создавање на анархија или безвластие, со што пак од друга страна ќе бидат загрозени по еден друг основ правата и имотите на граѓаните. Од тие причини е многу тешко да се воспостави еден правилен однос до каде треба да бидат правата на надлежните органи и припадниците на органите, а до каде треба да биде интересот за штитењето на правата на граѓанинот. Лично имам впечаток дека во овој дел би требало да се оди на преиспитување на понудените решенија во смисла се на изнаоѓање на посоодветни решенија кои ќе придонесат нашето законодавство односно

нашата држава да биде што поблиску со законодавството на развиените демократски држави, а исто така оние уставни определби за кои се определи Собранието на Република Македонија да најдат што подобра апликација преку овие два закони.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, јас ќе бидам краток само некои основни начелни забелешки по однос на овие два предлог-закони. Лично сметам дека со овие два закона*се вршат радикални промени на тоа постоечкото меѓутоа без минимизирање на оние забелешки што ги дадоа претходните дискутанти, се во смисла на растоварување на овој орган од многу непотребни надлежности кои може да бидат во склопот на другите министерства, како што е матичната служба и ред други надлежности кои се преземени од . претходниот закон и од претходната состојба.

Меѓутоа, она за што најповеќе излегов на говорницата се однесува на законот аз разузнавање каде што и во текстот на образложението и во причините не најдов она што во овој закон се спомнува само за директор на агенцијата.

Она што јас се залагам е во членот 3 да се додаде нов став односно втор став сега би било дека Владата именува и разрешува заменик за време од четири години и со право на повторно именуваше.

IX/1. - /CJ/OM

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ**: (Продолжение)

И во сите натамошни членови каде што се зборува за директор да стои и заменик, вака ова е начелна забелешка на целиот овој закон.

Со оглед на тоа дека оваа прва фаза е, треба да се почитуваат заклучоците од надлежната комисија и од другите дискутанти кој ги кажаа своите забелешки околу овие закони, а сигурно дека во начело треба да се прифатат предлозите за донесување на законите од внатрешни баботи и законот за агенцијата за разузнавање. Мислам дека сите овие дискусии ќе бидат во прилог во наредната фаза да имаме одредени промени во однос на текстот. Секако дека ова предлагачот ќе го има во предвид, не само овие забелешки. Благодарам.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сметам дека постои уставен основ и има потреба за донесување на овие два закони, имајќи предвид дека водиме заеднички претрес, сепак сметам дека областа која што се уредува со предложените односно со предлозите за донесување на закони треба да биде уредена во два посебни закона како што е предложено, предлог за донесување на закон за внатрешни работи и предлог за донесување закон за агенцијата за разузнавање. Имајќи во предвид во наредните фази на донесување на овие закони Владата на Собранието да му предложи посебен закон за агентурата.

Иако имам поднесено повеќе конкретни забелешки би го задржал вниманието на ова мое излагање само на неколку во однос на законот на агенцијата за разузнавање. Вчерашната расправа  покажа дека постои

инволвираност на одредени странски разузнавачки служби во Владата или како што министерот ги нарече кртици, верувам дека такви случаеви ќе постојат и во иднина. Такви наши впрочем кртици ги имавме премногу во едно друго време на поранешна СФРЈ најмногу во Македонија пред се, према своите иселеници во странство можеби ги има и сега и ќе ги има и во иднина иако кругот на интересите се намалува и е намален бидејќи нивните активности односно на овие наши кртици од МВР се насочени пред се против лицата македонци или македонци по потекло кој што се залагаат за самостојна Македонија. Сега кога самостојноста на Македонија е повторно возобновена со целосен суверенитет потребата за едно такво дејствување во странство према огромниот број македонци велам дека ќе се намали.

Не верувам сепак како држава која што ќе располага со една таква битна институција, агенцијата за разузнаваше имаме потреба, да развиваме таква мрежа, таков инструментариом со кое што ќе можеме да шпионираме и да имаме развиена разузнавачка мрежа према држави, странски држави, големи како што тоа го имаат одделни големи сили, постојани членки во Советот за безбедност и други поголеми држави и верувам дека работата на оваа агенција за разузнавање претежно ќе биде насочена, пред се , во Македонија каде што е за очекување иако такви информации немаме добиено, а би требало да добиеме тоа и вчерашната расправа го покажа, се разбира случај кој беше расправан во ова Собрание по повод довербата на Владата, присуството на многу странски разузнувачки служби на територијата на РМ, пред се од соседните држави имајќи ја во предвид положбата на Републиката, интересот на соседните држави за понатамошното опстојување на самостојноста на македонската држава.

IX/3.-

Од тие причини сметам дека во продолжениот текст би требало да се извршат неколку корекции кој ќе ги следам на следното:

И во образложението на законот за агенцијата за разузнавање во поглед на именувањето и разрешувањето на директорот наведени се разни модели, надлежност на Владата на претседателот на државата, меѓутоа оценувам дека бидејќи анализите и истражувањето на податоци и информациите на агенцијата за разузнавање би навлегувале и навлегуваат во сферата на правата и слободите на граѓаните, а од друга страна пратениците се избрани на непосредни избори и претставници на тие органи на највисокото законодавно тело со избор на власт, парламентот, поцелисходно е изборот и именувањето на директорот, односно именувањето и разрешувањето на директорот на агенцијата да го врши Собранието на РМ каде е присутно влијанието на сите политички субјекти кој ја добиле довербата на парламетнарните избори, на место какао што е предложено изборот односно именувањето и разрешувањето да го врши Владата. Од друга причина заради тоа што Владата може да биде составена и од претставници на само една политичка партија која би го освоила парламентарното мнозинство и можно е злоупотреба на партиски цели и интереси на надлежностите на агенцијата за разузнавање.

Втора забелешка која сметам дека треба исто да биде земе- на во предвид, а тоа е во членот 2 ставот 2 бидејќи во членот 6 се наведува дека агенцијата соработува со другите државни органи за прашања од заеднички интерес. Ценам дека во ставот 2 би требало да се определат органите односно институциите на кој задолжително агенцијата за вршењето на анализите и податоците односно истражување на податоците и информациите под ставот 1 на членот 2 на овој предлог

за донесување на закон им ги доставувала, а тоа би требало според мене покрај претседателот на Републиката, Владата како што овде се наведени со задолжително доставување да бидат набележани наместо други државни органи аз прашања од значење на нивниот делокруг да бидат наведени, Министерството за внатрешни, надворешни работи и одбрана, Советот за безбедност, Генерал штабот на армијата и членовите на Комисијата за надзор на работата на агенцијата.

Што се однесува на членот 9 , според предлогот за донесување на закон предложено е Владата на РМ да образува посебно работно тело за координација и контрола над работата на органите и службите кој вршат работа од областа на безбедноста и разузнавањето во Република Македонија, со тоа што составот, начинот на работата и задачите на работата на ова тело од ставот 1 на овој член да се определи со одлука на Владата на РМ.

Имајќи во предвид дека со Уставот на РМ во членот 86 е утврдено постоење на Совет за безбедност на Републиката, а според ставот 3 од членот 86 на Уставот на Македонија во надлежност на Советот за безбедност се, да ги разгледува прашањата сврзани со безбедноста и одбранат ана Републиката и во таа смисла да дава соодветни предлози на Владата на Собранието, а во ставот 2 од истиот член 86 од Уставот се наведени институциите кои влегуваат по силата на Уставот како членови на овој Совет за безбедност, сметам дека не би требало да се формира посебно работно тело за координација и контрола над работата на органите и службите кој вршат работа од областа на безбедноста и разузнавањето во РМ кој што ќе го формира Владата, туку функциите на едно такво работно тело да ги врши и да бидат во надлежност на веќе постоечкиот совет за безбедност на Републиката. Така да членот 9 би гласел:

"Советот за безбедност на Република Македонија врши координација и контрола над работата на органите и службите кои-вршат работи од областа на безбедноста и разузнавањето во Република Македонија. Начинот на работата и задачите на Советот за безбедност во ставот 1 на овој член да се определуваат со Деловникот на Советот за безбедност".

Што се однесува на членот 11 каде се уредува составот на Комисијата за контрола која врши надзор над работата на агенцијата што ја формира Собранието на РМ сметам дека би требало да се изврши дополнување со два нови ставови кој ќе гласат дека Комисијата донесува Деловник, Комисијата работи на седници без присуство на средствата за јавно информирање.

Другите забелешки се наведени во писмените забелешки доставени до архивата верувам и до Министерството. Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господин Рамадани.

Тој се откажува.

Дали уште некој бара збор. (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување закон за внатрешни работи, и предлогот за донесување закон за агенцијата за разузнавање.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон за внатрешни работи и законот за агенцијата за разузнавање при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието,

предлозите, сугестиите и мислењата од расправата што се водеше на оваа седница како и забелешките дадени од пратеникот Тодор Петров по предлозите за донесување на овие закони.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, предлозите, мислењата од расправата и забелешките од пратеникот Тодор Петров да се достават до Владата на Република Македонија и Министерството аз внатрешни работи.

Пред да гласаме молам да констатираме точен број на пратеници. Значи, имаме кворум за работа.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака.

За гласаа 57 пратеници.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (б пратеници)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок

Минуваме на **точка 5** - Предлог за донесување на закон за склучување и извршување на меѓународни договори.

Предлогот за донесување на закон, извештаите на работните тела на Собранието, како и забелешките на пратеникот Тодор Петров, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Господинот Ајдарага бара процедурално.

**ГАЗМЕН АЈДЕРАГА:**

Јас мислам дека повеќето од пратениците ќе се сложат, состојбите на патиштата се многу лоши, а синојка останавме тука, па затоа предлагам ние сега да прекинеме со работа и да продолжиме друг ден.

IX/7.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Да ве известам,утре продолжуваме со работа во 10,00 часот. Ова се однесува за пратениците кои се денеска присутни и за тие кој што заради објективни причини како и субјективни при- чини не успеаа да дадат придонес во усвојувањето на проект законите за кое расправавме.

Според тоа да ја завршиме. уште оваа точка па ќе прекинеме со работа.

Продолжуваме со работа. Уште оваа точка, па да прекинеме со работа.

Предлогот за донесување на закон. Извештаите на работните тела на Собранието како и забелешките на пратеникот Тодор Петров Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Господинот Никола Поповски:

Јас претпочитам дека се заморени до синоќа меѓутоа мора да работиме и денеска.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Во интерес на времето јас иако не гледам претставник на Министерството аз односи сос странство сакам да потенцирам на една работа која ни претставникот на министерството во рамките на комисијата кога се расправаше законот немаше соодветен одговор кој рече дека до расправата во Парламентот Министерството ќе се потруди да најде правно образложение, а тоа е во оној дел од законот за склучување и извршување на меѓународни договори каде што се прави декстинција меѓу тоа кој договори ги склучува Владата, а кој

потпишувањето е од страна на Владата, а кои договори е потпишувањето од страна на претседателот на Републиката и постапката, особено второво, особено постапката кога се води до потпишување од страна на претседателот кој ја води постапката, дали Владата, дали претседателот може да влијае на водењето на постапката или само е во состојба да потпише или да одбие да потпише процедура и документ кој Владата претходно го усогласила.

Со оглед дека по Уставот на РМ претседателот има изворни надлежности во оваа област Комисијата сметаше дека е потребно да се направи во законот јасна дистикција во услови кога претседателот на Републиката е потписник на меѓународен договор, кој ја води процедурата и колку претседателот има компетенции да ја води процедурата на склучување на договорот. Во наредните фази Министерството да го има предвид тоа и за следната фаза да најде соодветен одговор.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Прашањата кој беа искажани од пратеникот Поповски се доста битни и значајни за донесување на овој закон. немаме претставник на Владата кој е надлежен за законот.

Дали уште некој друг бара збор.

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го разгледа и го усвои предлогот за донесување на законот за склучување и извршување на меѓународните договори.

2. Владата на РМ ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за склучување и извршување на меѓународните договори имајќи ги предвид ставовите и мислењата на надлежните

собраниски работни тела како и забелешките на пратеникот Тодор Петров и изнесените предлози и сугестии од расправата по предлогот за донесување на законот.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на комисијата за надворешно политички прашања и односи со странство, Законодавно правната комисија и забелешките на пратеникот Тодор Петров и сугестиите изнесени на седницата да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за односи со странство.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака?

За гласаа 57 пратеници.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласаше? (Нема)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок

Дали сме согласни да продолжиме со работа? (Пратениците не се согласуваат да продолжат со работа). Не.

Утре продолжуваме со работа во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,10 часот.